Планирањето и реализирањето на активностите за подобрување на условите за живот согласно Просторниот план на Република Македонија треба да се во корелација со концептот за одржлив развој, кој подразбира рационално користење на природните и создадените добра. Одржливиот развој подразбира користење на добрата во мерка која дозволува нивна репродукција, усогласување на развојните стратегии и спречување на конфликти во сите области на живеење. Во развојот на водостопанството и водостопанската инфраструктура мора да се запази концептот на одржлив развој кој е насоченкон рационално користење на водата. Стратегијата за користење и развој на водостопанството е условена од фактот дека Републиката е сиромашна со вода. Колку водите во одреден простор може да се сметаат за „воден ресурс" зависи од можноста за нивно искористување, односно од можноста за реализирање на водостопански решенија со кои водите ќе се искористат за покривање на потребите од вода за населението, земјоделството, индустријата и за заштитата на живиот свет.

Со Просторниот план на Република Македонија на територијата на Републиката дефинирани се 15 водостопански подрачја (ВП): ВП „Полог", ,,Скопје",„Треска", ,,Пчиња", ,,Среден Вардар", ,,Горна Брегалница", ,,Средна и Долна Брегалница", ,,Пелагонија", ,,Средна и Долна Црна", ,,Долен Вардар", ,,Дојран",„Струмичко Радовишко", ,,Охридско - Струшко", ,,Преспа" и „Дебар". Оваа поделба овозможува пореално да се согледаат расположивите и потребните количини на вода за одреден регион.

Трасата на обиколница за Тетово преку клучката „Требош" до Непроштено КО Непроштено ван гр., КО Пороj ван гр, КО Требош ван гр, КО Џепчиште ван гр и КО Тетово ван гр, Општина Тетово, Општина Теарце и Општина }Келино., се наоѓа во водостопанското подрачје (ВП) ,,Полог" кое го опфаќа сливот на реката Вардар, од изворишниот дел до водомерниот профил „Радуша". На ВП „Полог" припаѓа и сливот на реката Горна Радика со притоките зафатени со хидроенергетскиот систем „Маврово".

Во сливот на р. Вардар (од изворот до вливот на р. Пчиња, без р. Треска) регистрирани се 19 извори од кои најзначаен е изворот Рашче со штедрост Qср/год=4,15м^3/сек. Од изворот Рашче се водоснабдува градот Скопје и приградските населби во регионот. За заштита на изворишТето Рашче донесена е „Одлука за определување на заштитни зони за заштита на водозафатниот објект извор
„Рашче", мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитни зони и картографски приказ" (ел.весник на РСМ бр. 3/21), каде се дефинирани четири заштитни зони:

- Прва потесна заштитна зона (зона на строг санитарен надзор);
- Прва поширока заштитна зона;
- Втора заштитна зона (зона на санитарно ограничување);
- Трета заштитна зона (зона на хигиенско епидемиолошко следење и набљудување);

Трасата на обиколницата минува низ втората (зона на санитарно ограничување) и третата заштитна зона (зона на хигиенско епидемиолошко следење и набљудување) на изворот Рашче.

Во втората заштитна зона (зона на санитарно ограничување) на изворот се забранува:

- Испуштање на непречистени комунални, индустриски и атмосферски води;
- Експлоатација (вадење) на песок, чакал и камен од коритата и бреговите на природните водотеци и активности со кои се продлабочува или оштетува речното корито и бреговите на површинските водотеци, освен во функција на подобрување на режимот на водите и заштита од штетното дејство на водите, со обезбедување на дозвола/водостопанска согласност од надлежен орган;
- Неконтролиран транспорт, неконтролирано складирање и испуштање на нафта, нафтени деривати, масти и масла;
- Неконтролиран транспорт на отровни и радиоактивни материи и други опасни материи;
- Складирање на отровни и радиоактивни материи и други опасни материи;
- Депонирање, складирање и расфрлање на цврст, градежен, комунален и друг вид на отпад, смет, надвор од организирани и уредени депонии;
- Депонирање на индустриски, рударски и металуршки отпад;

- Намалување на горниот заштитен слој на почвата освен при изградба на градежни објекти за кои не е предвдена забрана на овие мерки;
- Изградба на септички јами, освен водонепропусни септички јами на локации каде не постои инсталирана канализациска мрежа;
- Изведба на бунари за експлоатација на подземна вода освен: бунари за јавно водоснабдување и бунари за климатизација на објектите со целосно враќање на водата. За изведба на горенаведените бунари потребно е да се обезбеди дозвола од надлежното министерство;
- Изградба на нови индустриски комплекси кои во технолошките процеси користат опасни и штетни материи, а постоечките да ги почитуваат меркита за заштита предвидени со добиените А или Б интегрирани еколошки дозволи;
- Испуштање на непречистени отпадни води во површински водотеци или наводнување на обработлива замјоделско земјиште со истите. Директно испуштање на отпадните води во отворените водотеци се дозволува само откако ќе бидат прочистени, според критериуми за површински водотеци од
  11 класа, согласно критериумите дадени во законските прописи и други плански акти;
- Користење на минерални ѓубрива, пестициди, хербициди, фунгициди и ел;
- Други видови на активности и дејности кои го загрозуваат квалитетот и квантитетот на подземните води;

Во третата заштитна зона (зона на хигиенско епидемиолошко следење и
набљудување) на изворот се забранува:

- Испуштање на непрочистени отпадни води, нафта и нафтени деривати, киселини и други штетни, опасни и радиоактивни материи;
- Депонирање на отпад надвор од организирани, обезбедени и контролирани депонии;
- Било какви индустриски, хемиски, металуршки и рударски депонии на опасен и штетен отпад;
- Складирање на радиоактивни материи;
- Нерегулиран транспорт и нерегуларно складирање на: киселини, масла, отровни, опасни, штетни материи;
- Изградба на септички јами, освен водонепропусни септички јами на локации каде не постои инсталирана канализациска мрежа;
- Неконтролирана сеча на шума;
- Изградба на индустриски комплекси кои во технолошките процеси користат опасни и штетни материи, освен со примена на построги

мерки на заштита, исполнување на посебни услови и доколку со стручна експертиза се докаже дека нема да има штетно влијание врз квалитетот на подземните води согласно прописисте за животна средина и прописите за безбедност и квалитет на вода за пиење;

- Директно испуштање на отпадните води во отворените водотеци во третата заштитна зона се дозволува само откако ќе бидат пречистени според критериумите за површински водотеци од II класа, согласно критериумите дадени во законските прописи и други плански акти;
- Не треба да се вршати други видови на активности и дејности кои го загрозуваат квалитетот и квантитетот на подземните води;
- Во третата заштитна зона може да се спроведуваат мерки за одгледување, нега и обнова на шумите, пошумување на насади за обнова на шуми и пошумување на голини за заштита од ерозија, од страна на ЈП „Национални шуми".

Во В.П "Полог" изградени се системи за наводнување кои покриваат површина од 13350 ха обработлива земјиште, а има можности за нивно проширување со што ќе се наводнуваат уште нови 15290 ха. При изработката на проектната документација да се утврди местоположбата на постоечката и планираната инфраструктура за наводнување и соодветно на тоа да се предвидат мерки со кои ќе се овозможи непречено функционирање на сообраќајната инфраструктурата и инфраструктурата за наводнување.

- <u>Енергетика и енергетска инфраструктура</u>

Од аспект на енергетиката и енергетската инфраструктура со Просторниот план на Република Македонија се дефинираат состојбите, потребите и начините на задоволување на потрошувачката на разните видови на енергија во државата. При тоа приоритет се дава на намалување на увозната зависност на енергенти и енергија, односно задоволување на потрошувачката со домашно производство.

Според статистичките податоци последниве години во државата над 30% од потрошената електрична енергија е од увозно потекло за што се одвојуваат големи девизни средства. Зголемената потрошувачка на енергетски горива ја наметнува потребата од подобрувањето на енергетската ефикасност. Европската регулатива "Европа 2020" за паметен, одржлив и сеопфатен развој предвидува мерки за намалување на емисиите на издувни гасови, зголемување на користењето на обновливи извори на енергија и зголемување на енергетската ефикасност. Имплементирањето на овие мерки, ќе придонесе за подобра односно поквалитетна иднина за следните генерации, отворање на нови работни места, а истовремено се обезбедуваат услови за одржлив развој. Со рационално искористување на енергетските извори им се

овозможува на идните генерации да имаат ресурси за сопствен раст и развој.
Размената на електрична енергија помеѓу балканските електроенергетски системи (чии земји најчесто се увозници) е многу значајен фактор за натамошниот развој. Електроенергетските системи на балканските земји треба да бидат поврзани со конективни водови кои што нема да преставуваат тесно грло во трансмисија на потребните количини на електрична моќност. Република С.Македонија досега има 400 kV конективни водови со Грција (кон Солун и Лерин) и Косово (Косово-Б) и кон Бугарија (Црвена Могила) а во план е градбата на вод кон Албанија.
Планираната, со Просторниот план на Македонија, траса на водот од СкопјеS кон Србија е сменета и изграден е водот Штип-Србија.
Локацијата за изградба на обиколница за Тетово преку клучката "Требош" до Непроштено, КО Непроштено вон гр., КО Пороj вон гр., КО Требош вон гр., КО Џепчиште вон гр. и КО Тетово вон гр., Општина Тетово, Општина Теарце и Општина Желино, нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови. Така IIOkV трафостаницата Тетово-1, заедно со припадните далноводи се на 2,8km западно од оваа локација.

- Гасовод

Природниот гас, со сегашната потрошувачка, малку е застапен во енергетскиот сектор во државата. Со негова зголемена употреба се воведува еколошки поприфатливо гориво кое со својот хемиски состав и висока калорична моќ, претставува одлична замена за нафтата, нејзините деривати, јагленот и другите цврсти и течни горива. Природниот гас испушта помалку штетни материи во однос на другите енергенти, заради што аерозагадувањето е сведено на минимум.

Изградениот крак }Кидилово-Скопје е дел од меѓународниот транзитен гасоводен систем Русија-Романија-Бугарија-С.Македонија. Се планира во идниот период доизградба на гасоводната мрежа во државата и поврзување со мрежите на соседните држави што ќе овозможи зголемување на сигурноста во снабдувањето на сите региони во Републиката но и урамнотежување на потрошувачката во текот на целата година.

При проширувањето и натамошната доизградба на гасоводниот систем се планира да се изгради делница-5 Скопје-Кичево со што ќе се овозможат поволни услови за развој на гасоводната мрежа во овој регион. Трасата на планираниот гасовод од делницата-5 ќе минува на 8,5km јужно од оваа локација.

- Население

Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Републиката, а во контекст на тоа и стопанската структура, зависи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на населението.

Врз основа на прогноза за бројот, структурата, темпото на растежот, критериумите за разместување и подвижноста, треба да се покаже просторно- временската компонента на остварување на идната организација и уредување преку демографскиот аспект.

Демографските проекции, кои на планирањето му даваат нова димензија, покажуваат или треба да покажат, како во иднина ќе се формира населението, неговиот работен контингент (работна сила) и домаќинствата и како треба да придонесат кон сестрано согледување на идната состојба на населението како производен дел, потрошувач и управувач - креатор.

Тргнувајќи од определбата дека популацискатa политика преку систем на мерки и активности треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне оптимализација во користењето на просторот и ресурсите, хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.Како демографска рамка, населението е значајна категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси и потенцијалните потрошувачи и корисници на сите видови услуги.

- Урбанизација и мрежа на населби

Урбанизацијата како сложен, динамичен процес треба да претставува основна рамка и влијателен фактор во насочувањето на долгорочниот просторен развој на Република С.Македонија. Под поимот урбанизација се подразбира во прв ред развој на градовите изразен со порастот на нивното население, социјалните и политички функции и во изградбата и уредување на нивните просторно физички структури. Во поширока смисла урбанизацијата го опфаќа и развојот на руралните населби и простори кој е резултат на промените кои водат кон намалување на разликите помеѓу градот и селото.

Ваквите и слични иницијативи на соодветен начин се вградени во дел од основните цели на урбанизацијата и развој и уредување на селските населби, дефинирани во Просторниот план на Република Македонија и тоа:

- зголемување на нивото на функционална и комунална опременост уреденост на селските населби и зголемена ефикасност во сообраќајното поврзување на селските населби и руралниот простор со цел намалување на комуникациската изолираност на селото;
- подобрување на локалната сообраќајна инфраструктура;
- ефикасна комуникациска поврзаност со центрите од повисоко ниво;
- зачувување и унапредување на природните вредности и еколошки атрибути и афирмирање на културолошките особености и вредности.

Реализацијата за изградба на обиколница за Тетово преку клучката"Требош" до Непроштено, КО Непроштено вон гр., КО Пороj вон гр, КО Требош вон гр, КО Џепчиште вон гр и КО Тетово вон гр, Општина Тетово, Општина Теарце и Општина Желино, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот со максимално почитување и

вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

- Домување

Во планските определби и насоки на Просторниот план од аспект на организација на домувањето како една од основните функции на населбите, е применета концепцијата на полицентричен развој која го третира домувањето како посебен тип на развоен ресурс, што е особено битно за неразвиените подрачја како нови центри на развој. Суштината на овој пристап е што најмобилен елемент станува технологијата, а не работната сила.

Основните цели на Просторниот план во областа на домувањето се во функција на оптимална проекција на станбениот простор, а се однесуваат на: обезбедување стан за секое домаќинство, подобрување на станбениот стандард, изградба на адекватна инфраструктура во функција на поквалитетен стандард на домување, асеизмичност во градбата, замена на субстандардниот станбен фонд и изнаоѓање модуси и дефинирање на критериуми за надминување на појавата на бесправна изградба.

Реализацијата за изградба на обиколница за Тетово преку клучката "Требош" до Непроштено КО Непроштено ван гр., КО Пороj ван гр, КО Требош ван гр, КО Џепчиште ван гр и КО Тетово ван гр, Општина Тетово, Општина Теарце и Општина }Келино, ќе овозможи поквалитетен стандард на домување во населбата од непосредната околина преку подобрување на инфраструктурна опременост (сообраќајна) во овој дел на регионот.

При изградба на трасата доколку поминува во непосредна близина на локации со намена домување да се почитува заштитниот појас на патот согласно важечката законска регулатива.

- Јавни функции

Организацијата на јавните функции е директно поврзана со планирањето и уредувањето на населбите и зависи од типот на населбата, нејзиното место и улога во хиерархијата на населбите и соодветното ниво на централитет.

Концепцијата на организација на јавните функции се надополнува и усогласува со промените во политичко-институционалниот систем на државата, како и со новите тенденции и праксата на организирање и финансирање на овие дејности. Мотивите, интересите и инвестиционите критериуми на приватните инвеститори, различните фондации, ќе бидат значајни за организирање на јавните функции во одделни подрачја.

На предложената траса за изградба на обиколница за Тетово преку клучката "Требош" до Непроштено, КО Непроштено ван гр., КО Порој ван гр, КО Требош ван гр, КО Џепчиште ван гр и КО Тетово ван гр, Општина Тетово, Општина Теарце и Општина Желино, нема организација на јавни функции (образование, култура, здравство, спорт и рекреација), што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

- Индустрија

Развојот и просторната разместеност на индустријата претставува значаен фактор за поттикнување на развојот на вкупната економија и модернизација на другите области од економскиот и општествениот живот. Ефикасното и успешно спроведување на насоките и определбите за поттикнување на развојот на индустриските дејности и нивно рационално разместување во просторот ги детерминираат позитивните промени и во другите сегменти на економијата: пораст на вработеноста, зголемување на бруто домашниот производ, подобрување на животниот стандард и др.

Во планскиот период, индустриското производство се очекува да биде застапено во сите општини и да остварува растеж кој ќе придонесе за зголемување на вработувањето, подобрување на условите за живеење на граѓаните на поширокиот простор на земјата.

Со планскиот и организиран начин на ширењето на инфраструктурата и создавањето на други погодни услови за локација

на производни капацитети во просторот околу општинските центри и во поширокиот рурален простор, се обезбедуваат основи врз кои може да се очекува во планскиот период да се остварува просторната разместеност на индустријата, преку моделот на концентрираната дисперзија.

Факторите за развој како што е инфраструктурата, прометните врски, пазарот и другите расположиви ресурси, овозможуваат остварување на определбите предвидени со Просторниот план на Република Македонија за дисперзија на индустријата и за локација на индустриските капацитети во просторот околу градовите и општо во поширокиот рурален простор. При тоа треба да се има во предвид определбата во планскиот просторен развој на индустријата за примена на принципите и стандардите за заштита на животната средина и одржлив локален развој.

- Сообраќај и врски

Комуникациската мрежа на Република С.Македонија, сочинета од повеќе комуникациски потсистеми, е етаблирана преку системот за сообраќај и врски врз чија основа, помеѓу другото, се темели и организацијата на просторот на државата. Комуникациските системи во Републиката, кои се од особено значење за развојот на стопанските активности, се очекува да се подобруваат, унапредуваат и да се развиваат во две насоки на развој на комуникациите:

- екстерната поврзување на државата (стратешки коридори);
- интерното поврзување во државата (регионални и локални потреби).

Основа за *екстерната поврзување* на државата се дефинираните комуникациски коридори согласно меѓународните конвенции и препораки, што воедно се и основа за ориентација кон европските и балканските определби за економски и технолошки комуникации, што е од особено значење за извозот.

Основата за *интерното поврзување* во државата односно планирање и развој на патната мрежа на Државата се базира на категоризација на патиштата, на стратешки дефинирани меѓународни коридори за патен сообраќај, на досега изградената европска патна мрежа-ТЕМ со "Е" ознака на патиштата, на досега изградената магистрална и регионална патна мрежа, како и на определбите од долгорочната стратегија за развој.

Мрежата на патишта "Е" ознака што ги дефинира меѓународните коридори за патен сообраќај низ Републиката се: Е-65, Е-75, Е-850, Е-871.

Според Просторниот план на Република Македонија, автопатската **и** магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

- М-4- (АЛ-Ќафа Сан-Струга-Кичево-Скопје-Миладиновци-М-1)

Врз основа на Одлуката за категоризација на државните патишта
(,,Службен весник на Република Македонија" број 133/11, 150/11 и 20/12) овој магистрален патен правец се преименува со ознаката:

- **А2** - (Граница со Бугарија - ГП Деве Баир - Крива Паланка - Страцин - Романовце - Куманово - Миладиновце - обиколница Скопје - Тетово - Гостивар - Кичево - Требениште - Струга - граница со Албанија - ГП Ќафасан).

Во идната патна мрежа на Републиката, основните патни коридори ќе ги
следат веќе традиционалните правци во насока север-југ (коридор 10), односно исток-запад (коридор 8), што се вкрстосуваат во просторот помеѓу градовите: Скопје, Куманово и Велес. На тој начин дел од магистралните патишта во Републиката ќе формираат три основни патни коридори, што треба да се изградат со технички и експлоатациони карактеристики компатибилни со системот на европските автопатишта (ТЕМ):

- север-југ: М-1 (Србија - Куманово - Велес - Гевгелија - Грција),
- исток-запад: М-2 и М-4 (Бугарија-Крива Паланка-Куманово-Скопје-Тетово- Струга-Албанија и крак Скопје - Србија),
- исток-запад: М-5 (Бугарија - Делчево - Кочани - Штип - Велес - Прилеп - Битола - Ресен - Охрид- Требеништа - М4 (крак Битола - граница со Грција).

На автопатската и магистралната патна мрежа се надоврзуваат
регионалните патишта, што заедно со локалните категоризирани патишта ќе ја сочинуваат патната мрежа на Републиката.

Релевантните регионални патни правци за предметната локација, според Просторниот план на Република Македонија, влегуваат во групата на регионални патишта "РІ" и се со ознака:

- Р1203 (405)- (Тетово-врска со А2-Вратница-гр.со Р. Косово-ГП Јажинце).
- Р1206 - (Клучка Матка-врска со А2-Групчин-Тетово-Боговиње-Врапчиште- Гостивар-врска со А2).

Динамиката за реализација на мрежата, што ќе овозможи целосно
опслужување на Републиката, ќе биде во функција на сообраќајните потреби (очекуваниот обем на сообраќајот), потребите за интеграција во европскиот патен систем, како и економската моќ на државата, а трасите на меѓународните и магистралните патишта, задолжително ќе поминуваат надвор од населените места и се предлага да се решаваат со денивелирано вкрстосување со останатата патна мрежа.

При планирање да се почитува Законот за јавни патишта (,,Службен весник на Република Македонија" број: 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11,44/12,168/12,163/13,187/13,39/14,42/14,166/14,44/15,116/15,150/15,31/16,71/16,163/16 и 174/21).

При планирање да се почитува заштитна зона на патот, согласно Законот за јавни патишта (,,Службен весник на Република Македонија" број: 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14,166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и 174/21).

Железнички сообраќаі: Концепцијата за развој на железничкиот систем базира на потребата за модернизација и проширување на железницата во целина, како и поврзување на железничката мрежа на Републиката со соодветните мрежи на Република Бугарија и Република Албанија.

Железничката мрежа на Републиката, во планскиот период, треба да ја сочинуваат: магистрални железнички линии од меѓународен карактер, регионални линии и локални линии.

1. Магистрални железнички линии од меѓународен карактер:
   - ‡ СР- Табановце-Скопје-Гевгелија-ГР ..... 213,5 km
   - ‡ СР - Блаце-Скопје ..... 31,7 km
   - ‡ СР -Кременица-Битола-Велес ..... 145,6 km
   - ‡ БГ-Крива Паланка-Куманово .....84,7 km
   - ‡ АЛ-Струга-Кичево-Скопје ..... 143,О km

Покрај постојните врски Табановце и Блаце на север, односно Гевгелија и Кременица на југ, ќе се изврши и соодветно поврзување на исток кон Република Бугарија, односно на запад кон Република Албанија, со што ќе се овозможи целосно интегрирање на македонскиот железнички систем со соодветните системи на соседните држави.

Во планскиот период меѓудругото, се очекува развој на интегралниот транспорт, односно техничко-технолошкото доопремување на Македонските железници за извршување на задачите и за вклучување во меѓународниот сообраќај, што е во согласност со стратегијата на развојот на железничкиот сообраќај и со реалните можности на Државата.

Според Просторниот план на Република Македонија, железничката мрежа релевантна за предметниот простор е во групата на регионални железнички линии:

- □ **АЛ-Струга-Кичево-Скопје .....143,0 km**

При планирање на локацијата да се почитува Законот за железничкиот систем (,,Службен весник на Република Македонија" број 91/13-пречистен и 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16, 64/18, 302/20) и Законот за сигурност во железничкиот систем (,,Службен весник на Република Македонија" број 48/10, 23/11,53/11,

158/11,137/13,163/13,42/14, 166/14, 147/15,193/15,31/16,52/16,63/16, 71/16,35/18, 64/18 и 22/20).

- Радиокомуникациска мрежа и антенски системи

Радиокомуникациска мрежа е јавна електронска комуникациска мрежа со која се обезбедува емитување, пренос или прием на знаци, сигнали, текст, слики и звуци или други содржини од каква било природа преку радиобранови. Основни елементи на примопредавателниот систем се: антените, антенските столбови, водови, засилувачи и друго.

Јавните електронски комуникациски мрежи треба да се планираат, поставуваат, градат, употребуваат и слично под услови утврдени со Законот за електронските комуникации, прописите донесени врз основа на него, прописите за просторно и урбанистичко планирање и градење, прописите за заштита на животната средина, нормативите, прописите и техничките спецификации содржани во препораките на Европската Унија.

Изложеноста на јавноста на нејонизирачко електромагнетно зрачење со пуштањето во работа на антенски систем не треба да ги надминува вредностите пропишани со Упатството за гранични вредности при изложеност на нејонизирачко зрачење издадено од Меѓународна комисија за заштита од нејонизирачко зрачење (ICNIRP - International Commission on Non-lonizig Radiation Protection). Агенцијата за електронски комуникации врши контрола со мерење на нејонизирачкото електромагнетно зрачење, со цел да ја утврди усогласеноста на антенските системи со граничните вредности.

Кабелска електронска комуникациска мрежа се користи за дистрибуција на јавни електронски комуникациски услуги до крајниот корисник. Пристапниот дел на мрежата е изграден од кабли (од бакарни парици, коаксијални, хибридни коаксијално-оптички и/или оптички) и придружни дистрибутивни и изводни точки: канали, цевки, кабелски окна/шахти, надворешни ормари и др.

Јавната кабелска електронска комуникациска мрежа и придружните средства треба да се планираат, проектираат, поставуваат и градат на начин кој нема да ја попречува работата на другите електронски комуникациски мрежи и придружни средства, како ни обезбедувањето на другите електронски комуникациски услуги.

Изградбата на јавните електронски комуникациски мрежи и придружни средства треба да се обезбеди:

- заштита на човековото здравје и безбедност,
- заштита на работната и животната средина,
- заштита на просторот од непотребни интервенции,
- заштита на инфраструктурата на изградените јавни електронски комуникациски мрежи,
- унапредување на развојот и поттикнување на инвестиции во јавните

електронски комуникациски мрежи со воведување на нови технологии и услуги, а особено со воведување на следни генерации на јавни електронски комуникациски мрежи.

- Културно наследство

Во своето милениумско постоење, човековата цивилизација од праисторијата до денес, на територијата на нашата држава, оставила значајни траги од вонредни културни, историски и уметнички вредности кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и идентитетот на македонскиот народ на овие простори.

Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија на економски, општествен и просторен развој, односно стратегија за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на пазарно стопанство.

Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, за потребите на Просторниот план на Републиката, изготви Експертен елаборат за заштита на недвижното културно наследство во кој е даден Инвентар на недвижното културно наследство од посебно значење.

Инвентарот содржи список на регистрирани и евидентирани недвижни културни добра, што подразбира список на недвижните предмети со утврдено својство споменик на културата, односно на недвижните предмети за кои основано се претпоставува дека имаат споменично својство. Тоа се: археолошки локалитети, цркви, манастири, џамии, бањи, безистени, кули, саат кули, турбиња, мавзолеи, конаци, мостови, згради, куќи, стари чаршии, стари градски јадра и други споменици со нивните имиња, локации, блиските населени места, период на настанување и општините во кои се наоѓаат спомениците.

Согласно постоечката законска регулатива, видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменични целини и културни предели.

На подрачјето на катастарската општина Тетово, кое е предмет на анализа има недвижни споменици на културата (Експертен елаборат):

Регистрирани со Решение недвижни споменици на културата:

1. *"Мост на река Пена (Топовски Мост)", Тетово, турски период;*
2. *Теќе "Серсем Али Баба", Тетово,18 век;*
3. *Тврдина "Балтепе", Тетово, од хеленистички период до ран среден век;*
4. *"Шарена џамија",Тетово, 18 век*

Евидентирани недвижни споменици на културата:

5. *Археолошки локалитет "Архајска Гробница", Тетово, доцноархајски период;*
6. *Археолошки локалитет "Бањиче", Тетово, доцноримски период;*
7. *Археолошки локалитет "Бузане", Тетово, римски - доцноримски период;*

8. *Археолошки локалитет "Горно Теќе", Тетово, римски период;*
9. *Археолошки локалитет "Дреноец", Тетово, доцноримски период;*
10. *Археолошки локалитет "Света Петка", Тетово, доцноантички период;*
11. *Археолошки локалитет "Теќе", Тетово, доцноримски - рановизантиски период;*
12. *Археолошки локалитет "Ул. ЈНА бр.6", Тетово, римски период;*
13. *Археолошки локалитет "Ул. Браќа Миладиновци", Тетово, римски период;*
14. *Археолошки локалитет "Ул. Јане Сандански", Тетово, антички период;*

15. *Археолошки локалитет "Црквиште", Тетово, римски период;*
16. *Гам Гам џамија, Тетово;*
17. *Горна Чаршија, Тетово;*
18. *Долна Чаршија, Тетово;*
19. *Ески џамија, Тетово;*
20. *Саат џмија, Тетово, 15 - 16 век*
21. *Споменик на Кирил Пејчиновиќ, Тетово, 20 век;*
22. *Споменик на Револуција, Тетово, 20 век;*
23. *Споменик пирамида на срелани борци во НОВ, Тетово, 20 век;*
24. *Споменик, Тетово, 20 век;*
25. *Црква Св. Атанасие, Тетово;*
26. *Црква Св. Кирил и Методиј, Тетово;*
27. *Црва Св. Никола, Тетово, 1837 год.*

На подрачјето на катастарската општина Џепчиште, кое е предмет на анализа нема евидентирани недвижни споменици на културата (Експертен елаборат).На подрачјето на катастарската општина Порој, кое е предмет на анализа нема евидентирани недвижни споменици на културата (Експертен елаборат).На подрачјето на катастарската општина Непроштено, кое е предмет на анализа нема евидентирани недвижни споменици на културата (Експертен елаборат).На подрачјето на катастарската општина Требош, кое е предмет на анализа нема евидентирани недвижни споменици на културата (Експертен елаборат).

Во Археолошката карта на Република Македонија, која ги проучува предисториските и историските слоеви на човековата егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век на анализираното подрачје на катастарските општини Тетово, Џепчиште, Порој, Непроштено и Требош, евидентирани се следните локалитети:

КО *Тетово - Бањиче,* населба од доцноантичко време, се наоѓа во подножјето на Исарот-Кале, кај месноста Бањиче; *Бузане,* населба од доцноантичко време; *Горно Теќе,* населба од римско време, се наоѓа западно од градот, на ниските падини на Шара северно од теќето; *Дреноец,* населба од доцноантичко време, се наоѓа на спротивната страна на црквата Св.Богородица; *Исар* - Кале, утврдена градска населба од доцноантичко време и среден век, се наоѓа северозападно од градот; *Св.Петка,* населба од римско време, се наоѓа на северниот излез од

градот, покрај трасата на патот за селото Бањиче; *Тетово,* осамен наод од доцнобронзено време; Улица "Браќа Миладиновци", објекти од римско време; Улица "ЈНА", објект од римското време; Улица "Штипска", гробница од раноантичкото време;

КО *Џепчиште:* Латинска Црква, црква **и** некропола од средниот век. Во КО Пороj нема евидентирани археолошки локалитети.

Во КО Непроштено нема евидентирани археолошки локалитети. Во КО Требош нема евидентирани археолошки локалитети.

Според Просторниот план на Република Македонија, најголем број на цели се однесуваат на третманот и заштитата на културното наследство во плановите од пониско ниво.

При изработка на планска документација од пониско ниво, да се утврди точната позиција на утврдените *локалитети со културно наследство* и во таа смисла да се применат плански мерки за заштита на недвижното наследство:

- задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработката на просторните и урбанистичките планови од пониско ниво заради обезбедување на плански услови за нивна заштита, остварување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на спомениците на културата за соодветна намена, во туристичкото стопанство, во малото стопанство и услугите, како и во вкупниот развој на државата;
- планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на контактниот, околниот споменичен простор заради зачувување на нивната културно - историска димензија и нивна соодветна презентација;
- измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспект на заштитата на недвижното културно наследство.

Културното недвижно наследство во просторните **и** урбанистички планови

треба да се третира на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационо ткиво на градовите и населените места или пошироките подрачја и потенцирање на неговите градежни, обликовни и естетски вредности.

- Туризам и организација н туристички простори

Туризмот и угостителството со својата основна функција-прифаќање, сместување и истовремено задоволување на голем број разновидни барања и желби на туристите, влијае врз вкупната економија и развојот на одредена средина, а исто така има изразено влијание и врз просторот во кој ја извршува својата дејност. Туризмот со своето мултиплицирано влијание во процесот на стопанисување, посредно и непосредно, ги вклучува и другите гранки и дејности во вкупната понуда на туристичкиот пазар. Ова пред се, се однесува на угостителството, трговијата, сообраќајот, занаетчиството, здравството и на разни други видови услуги. Исто така, преку туризмот се нудат и се продаваат нематеријални вредности, како што се: разни информации, обичаи, фолклор, забава, спортско-рекреативни активности и слично.

Врз основа на комплексно согледаните природни и создадени услови и ресурси по обем, квалитет, распространетост или уникатност, функционалност, атрактивност и степен на активираноста, на територијата на Република С.Македонија како посебни целини може да се издвојат следните видови на туристички потенцијали: водените површини, планините, бањите, целините и добрата со природно и културно наследство, транзитните туристички правци, градските населби, ловните подрачја и селата.

Согласно со основните долгорочни цели, концептот и критериумите за развој и организација на туристичката понуда, во Републиката се дефинирани вкупно 10 туристички региони со 54 туристички зони.

Предметната локација припаѓа на Шарско - Полошки туристички регион со утврдени 3 туристички зони и 14 туристички локалитети и низ него поминува транзитен коридор.

5. Инвентаризација на земјиштето, на изградениот градежен фонд , вкупната физичка супраструктура во проектниот опфат

Во рамките на предметниот проектен опфат , согласно ажурираната геодетска подлога има изграден градежен фонд.

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА			
ВКУПНА ПОВРШИНА НА ПРЕДМЕТЕН ПРОЕКТЕН ОПФАТ (м2)			381438.95
РЕД. БРОЈ	ОБЈЕКТИ ВО РАМКИ НА ПРЕДМЕТНИОТ ПРОЕКТЕН ОПФАТ	ПОВРШИНА ПОД ОБЈЕКТ ($м^2$)	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ ВО РАМКИ НА ПРЕДМЕТНИОТ ПРОЕКТЕН ОПФАТ(%)
1	Објект	121.36	0.03%
2	Објект	1054.68	0.28%
3	Објект	23.50	0.01%
4	Објект	21.90	0.01%
5	Објект	105.20	0.03%
6	Објект	303.60	0.08%
7	Објект	59.73	0.02%
8	Објект	23.70	0.01%
9	Објект	500.00	0.13%
ВКУПНО:		2213.67	0.58%

6. Инвентаризација на градби со режим на заштита на културно наследство , постојни споменички целини , културни предели и друго

Согласно Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 29/16), видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменички целини и културни предели.
Со допис бр. 08-1930/2 од 25.07.2022 год , Управата за заштита на културно наследство при Министерството за култура, не известува дека во границите на предметниот проектен опфат не постои културно наследство ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

7. Инвентаризација на изградена комунална инфраструктура

Пред одпочнување на проектирање побарани се податоци, информации и мислења во постапки бр. **38141, 39502, 39504, 46444, 47826, 48904, 49416, 49562, 49673, 49875, 49906** на системот е-урбанизам, согласно Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија број 32/20),член 47 став 2 од субјектите кои ги вршат работите од областа на заштита на животната средина, заштита на културното наследство, заштитата и спасувањето, здравствената заштита, образованието, земјоделието, водостопанството, транспортот и врските, воздухопловството, безбедноста, јавните патишта, како и субјектите надлежни за изградба и одржување на

сообраќајна, водоводна, канализациона, електроенергетска, телекомуникациска, топловодна и гасоводна инфраструктура.

Согласно Член 32, став 3 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија број 32/20), Субјектите кои не доставија податоци и информации во предвидениот рок (15 работни дена), односно не одговорија на барањето, се смета дека не располагаат со истите, при што евентуалните идни штети настанати поради недостасувањето на податоците и информациите ќе бидат на нивни товар

Во прилог дадени се:
1. Листа на Институции (Субјекти) до кои е испратено Барање за податоци и информации со детален преглед на датумот кога е испратено и кога е одговорено
2. Одговори на Барањето за податоци и информации

За присутноста на постоечките инфаструктурни инсталации и нивните главни водови добиени се податоци и потврди од соодветните институции.
Инфраструктурата ја дефинираат следните водови:

- Сообраќајна мрежа
- Водоводна мрежа
- Електрична мрежа
- Телекомуникациска мрежа
- Гасоводна мрежа

- **Сообраќајна мрежа**

Низ границите на предметниот проектен опфат, според податоците од ажурираната геодетска подлога минува сообраќајна инфраструктура и тоа постоечки земјен и асфалтен пат, прикажан во графичкиот дел од документационата основа.

Согласно податоците од **Јавното претпријатие за државни патишта** (допис бр. 10-9366/2 од 23.09.2021 год.) низ предметниот проектен опфат поминува трасата на регионалниот пат Р1203 (Р-405) за кои во плановите на Јавното претпријатие за државни патишта не е предвидено проширување ниту менување на сегашната траса.

Со допис бр. 2001-5408/2 од 23.09.2021 год. **ЈП Железници - инфраструктура** не известува дека предметниот проектен опфат се вкрстува со железничка пруга Ѓорче Петров – Кичево (патен премин на км. 37+130,50). При реализација на горенаведениот проект треба да се почитуваат одредбите од Законот за железнички систем (Службен весник на РМ бр.48/10 и неговите измени и дополнувања) и Законот за сигурност во железнички систем (Службен весник на РМ бр.48/10 и неговите измени и дополнувања) во однос на заштитното растојание на објекти од железничка пруга.

- **Водоводна мрежа**

Согласно допис од **ЈКП Тетово – Тетово** (10.10.2022 год) низ предметниот проектен опфат минува колектор – фекална канализациона мрежа, прикажана во графички прилог.

- **Електроенергетска мрежа**

Согласно податоците од **ЕВН** (допис бр.10-55/6-274 од 16.09.2021 год.) во рамките на предметниот проектен опфат има електроенергетски објекти и инсталации во нивна надлежност, прикажани во графичките прилози.
Според известувањето од **АД МЕПСО** (допис бр.11 - 5269/1 од 17.09.2021 год) предметниот проектен опфат не се пресекува со објекти во нивна сопственост.

- **Телекомуникациска мрежа**

Низ предметниот проектен опфат согласно податоците од **Македонски Телеком** (допис бр.38141 од 15.11.2021 год) има постојна МКТ инфраструктура прикажана во графичките прилози.

А1 Македонија не известуваат дека во рамките на предметниот проектен опфат имаат подземни инсталации.

Согласно податоците од **АЕК** (допис бр. 1404-2520/2 од 22.09.2021 год) низ предметната локација има оптички телекомуникациони инсталации.

Согласно допис бр. 19-5773/2 од 23.08.2022 год. **Министерство за одбрана** не известува дека во рамките на предметниот проектен опфат не располага со техничка документација за кабелски инсталации.

Министерство за внатрешни работи , со допис бр. 11.2.73371 /2 од 04.08.2022 год. не известува дека не располага со податоци за постоење на телекомуникациска инфраструктура. Доколку во текот на изведбените работи се појават телекомуникациски инсталации , задолжително да се извести Министерство за внатрешни работи.

- **Гасоводна мрежа**

НЕР со допис бр.03-2841/2 од 20.09.2021 год . не известува дека на предметниот проектен опфат нема изградено и не е планирано изградба на гасоводна мрежа и дава позитивно мислење. Согласно допис бр.15-582/2 од 08.02.2023 год. **АД Гама и НЕР** - (спојување на акционерски друштва под име НОМАГАС) не известува дека дава **позитивно мислење.**

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА			
РЕД. БРОЈ	НАМЕНА НА ПОВРШИНИ	ПОВРШИНА (м²)	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ(%)
1-9	**Објекти**	**2213.67**	**0.58%**
10	**Асфалтен пат**	**17905.42**	**4.69%**
11	**Земјен пат**	**12314.83**	**3.23%**
12	**Канал**	**8459.80**	**2.22%**
13	**Неизградено земјиште**	**340545.23**	**89.28%**
ПРОЕКТЕН ОПФАТ:		**381438.95**	**100%**

- **Други податоци од субјектите од член 47 од Законот за урбанистичко планирање, релевантни за подрачјето во планскиот опфат**

- Со допис бр. 09-242/2 од 16.09.2021 год**. Дирекција за заштита и спасување, Подрачно одделение Тетово**, доставува претходни услови за заштита и спасување.
  Согласно допис бр.09-2625/2 од 21.10.2022 год**. Дирекција за заштита и спасување**, доставува претходни услови за заштита и спасување.

- Со допис бр. 11-5754/4 од 18.07.2022 год. **Министерството за животна средина и просторно планирање, Сектор природа при Управата за животна средина**, од аспект на своите надлежности од областа на заштита на природата , констатирано е дека просторот на предметниот проектен опфат не влегува во граници на заштитено подрачје.

- **Министерство за животна средина и просторно планирање, Управа за животна средина, Сектор Води**, допис со арх.бр.11-5755/2 од 10.11.2022 година.кој исто така не известува дека предметната локација е надвор од границите на заштитени подрачја на Р.С.М а притоа северната локација е во втората а јужната во трета заштитна зона на изворот Рашче, притоа поминува преку непостојани водени текови и преку реката Брза вода. Од тие причини , при изготвување на проектната документација, од аспект на заштита на водите а во согласност со Законот за води (Сл.в. на РМ, бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16) треба да бидат исполнети критериуми за заштита , одржување и уредување на површинските води и крајбрежните земјишта.

- Согласно скиците доставени од **ТИРЗ Скопје**(со допис бр. 08-1341/2 од 29.11.2021 год) може да се констатира дека предметниот проектен опфат се граничи со ТИРЗ Тетово. Дирекцијата за технолошко индустриски развојни зони ТИРЗ со допис бр. 08-210/4 од 14.02.2023 год не известува дека на наведениот проектен опфат нема објкети во нивна надлежност.

- Со допис бр.11-147/2 од 01.02.2023 год. **АД Водостопанство** не известува дека во рамките на предметниот проектен опфат има свои

објекти и инфраструктура. Во рамките на предметниот проектен опфат се наоѓа отворен земјен и бетонски канал за наводнување кои треба да бидат земени во предвид при урбанистичкото планирање. Планираниот патен правец на едно место го сече главниот магистрален канал за наводнување Радиовце – бистрица каде има плочет пропуст во должина од 20м. Во тој дел, до самиот плочест пропуст и канал постои пумпна станица (не е во функција) со цевковод за наводнување на дел од Џепчишко поле. Во предметниот проектен опфат поминува и Породска река која поминува под самиот пат и оди премасело Требош. Посочените хидротехнички објекти треба да се земат во предвид при урбанистичкото планирање и доколку дојде до нивно оштетување, треба да се вратат во првобитна состојба.

- Со допис бр. 08-189/2 од 10.02.2023 год **АД ЕСМ** (Подружница ХЕЦ Маврово) не известува дека во рамките на предметниот проектен опфат нема постојни ниту планирани објекти и инсталации.

Март ,2023 год

Анче Димитриевска Толевска ,
дипл.инж.арх.

_____

Б-ГРАФИЧКИ ДЕЛ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

SPATIAL PLANNING AGENCY

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

ЗА ИЗГРАДБА НА ОБИКОЛНИЦА ЗА ТЕТОВО ПРЕКУ КЛУЧКАТА "ТРЕБОШ" ДО НЕПРОШТЕНО, КО НЕПРОШТЕНО ВОН ГР., КО ПОРОЈ ВОН ГР, КО ТРЕБОШ ВОН ГР, КО ЏЕПЧИШТЕ ВОН ГР. И КО ТЕТОВО ВОН ГР,

ОПШТИНИ ТЕТОВО, ТЕАРЦЕ И ЖЕЛИНО

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Тех. бр. Y27821

Скопје, септември 2022

Местоположба на локацијата и ружа на ветрови



Општинска граница

Катастарска граница

Местоположба на локацијата во однос на границите на заштитните зони на изворот Рашче



Државна граница

граница на 1-ва потесна з.з. на изворот Рашче

граница на 1-ва поширока з.з. на изворот Рашче

граница на 2-ра з.з. на изворот Рашче

граница на 3-та з.з. на изворот Рашче

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Биланс на намена на површините

Користење на земјиштето

Карта бр. 20

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Просторно-функционална организација

Систем на населби и сообраќајна мрежа

Карта бр. 22

Легенда:

Центар на макрорегион
Центар на микрорегион
Центри на просторно-функционални единици
Управа
Просторно-функц. единици
Граници на влијанија на макрорегион. центри
Општински центар
Образование
Средно Вишо Високо
Здравствена заштита
2 Секундарна 3 Терцијална
Оски на развој
источна
север-југ
западна
јужна
северна
Слободна економ.зона
Автопат
Магистрален пат
Регионален пат
Железничка мрежа
Воздухоплов. пристан.
Стопански аеродром
Спортски аеродром



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Техничка инфраструктура

Водостопанска и енергетска инфраструктура

Карта бр. 23

Легенда:

- Изворишта
- Водоводен систем
- Регионален водост. систем
- Акумулации
- Акумулации по 2020г.
- Природни езера
- Наводнувани површини
- Водостопански подрачја
- Термоелектрани
- Хидроелектрани

Далноводи
- 110 kV
- 220 kV
- 400 kV

Трафостаници
- 110 kV
- 220 kV
- 400 kV

- Рафинерија
- Нафтовод
- Индустриски топлани
- Рудник на јаглен
- Брикетара
- Гасовод
- Регулациони станици
- Канализационен систем



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Заштита на животната средина

Реонизација и категоризација на просторот за заштита

Карта бр. 24

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини



Република Северна Македонија Republika e Maqedonisë së Veriut
Општина Теарце Komuna e Tearcës

Бр./Nr. **09-572/2**
22.09.2021

До
ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ „МАКЕДОНИЈА" ад Скопје

ПРЕДМЕТ: Доставува на ПИМ
ВРСКА: Ваше барање за ПИМ Бр.1005-837/4 преку е урбанизам на ден 14.09.2021 година

Почитувани

Согласно член 47 од Законот за урбанистичко и просторно планирање („Сл. Весник на РСМ" бр.32/2020), од Ваша страна е доставено барање под горенаведениот број и датум, за издавање на податоци, информации и мислења што ги поседува Теарце, а во врска со изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план обиколница на Тетово преку клучка Требош до Непроштено.

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ (ДЕЛ ОПФАТ ЗА Ц. НЕПРОШТЕНО)
- ЛИНИЈА НА КАТАСТАРСКИ ПАРЦЕЛИ
- ОБЈЕКТ ВО РАМКИ НА ПРЕДМЕТЕН ПРОЕКТЕН ОПФАТ

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА			
ВКУПНА ГЕОДЕЗИСКА НА ПРЕДМЕТЕН ПРОЕКТЕН ОПФАТ (м2):			381438.95
РЕД. БРОЈ	ОБЈЕКТИ ВО РАМКИ НА ПРЕДМЕТНОТ ПРОЕКТЕН ОПФАТ	ПОВРШИНА ПО ОБЈЕКТ (м2)	ПРЕДМЕТНА ИЗГРАДБАТА ВО РАМКИ НА ПРЕДМЕТНИОТ ПРОЕКТЕН ОПФАТ (%)
1	Објект	121.26	0.03%
2	Објект	1054.68	0.28%
3	Објект	23.50	0.01%
4	Објект	21.90	0.01%
5	Објект	105.20	0.03%
6	Објект	303.80	0.08%
7	Објект	59.73	0.02%
8	Објект	23.70	0.01%
9	Објект	500.00	0.13%
ВКУПНО:		2213.67	0.58%

- Катастарски парцели
- Граници на катастарски општини
- Изохипси
- Реки
- Езерски води
- Објекти
- Пруги
- Огради
- Железнички пат
- Детална точка
- Број на катастарска парцела
- Детални точки со линија на оддаб за вкучување
- Дрвена бандера
- Шахта со кружен капак

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

ЗА ИЗГРАДБА НА НОВА ТРАСА НА ОБИКОЛНИЦА НА ТЕТОВО ПРЕКУ КЛУЧКА „ТРЕБОШ" ДО НЕПРОШТЕНО - ФАЗА 1

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

КАРТА НА ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

РЕВИЗИЈА / РЕВИЗИЈИ	ДАТУМ	ПОТПИС НА РЕВИЗИЈИ	ПЕЧАТ НА РЕВИЗИЈИ

ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА
Дрезденска 52, Скопје, Република Северна Македонија
тел: 02 3066 816 | 02 3066 833 web: www.gim.com.mk , e-mail: gim@gim.com.mk

ИНВЕСТИТОР:
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
ул. Димче Груев бр.14, 1000 Скопје, Р.Северна Македонија

ОБЈЕКТ:
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА НОВА ТРАСА НА ОБИКОЛНИЦА НА ТЕТОВО ПРЕКУ КЛУЧКА „ТРЕБОШ" ДО НЕПРОШТЕНО - ФАЗА 1

ПРОЕКТ:
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

ГЛАВЕН ПРОЕКТАНТ:
Дејан Митевски, мб.:0106014446

ОДГОВОРЕН ПЛАНЕР:
Ана Димитриевска Толевска, дипл.инж.арх

ОБЈЕКТ НА ПРОЕКТИРАЊЕ:
УРБАНИЗАМ

ПЛАНЕР:
Катерина Николовска, дипл.инж.арх

СОДРЖИНА НА ЛИСТ:
КАРТА НА ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

СОРАБОТНИЦИ:
м-р Владимир Арсовски, дипл.инж.арх,
м-р Елена Стаменка , дипл.инж.арх,

ПРОЕКТЕН БРОЈ:	ДАТУМ:	РАЗМЕР:	ФОРМАТ:	ЛИСТ:
ПУП -504 - 10 - 21	Март 2023	1:1000	297 / 1440	**2.4**


ОПФ
ЦЕПКИЛТЕ-ВГР
НЕПРОШТЕНО-ВГР
НЕПРОШТЕНО
ТС1/5
ТС2/5
ТС3/5
ТС4/5
ТС5/5
ТС6/5
ТС7/5
ТС8/5
ТС9/5
ТС10/5
ТС11/5
ТС12/5
ТС13/5
ТС14/5
ТС15/5
ТС16/5
ТС17/5
ТС18/5
ТС19/5
ТС20/5
ТС21/5
ТС22/5
ТС23/5
ТС24/5
ТС25/5
ТС26/5
ТС27/5
ТС28/5
ТС29/5
ТС30/5
ТС31/5
ТС32/5
ТС33/5
ТС34/5
ТС35/5
ТС36/5
ТС37/5
ТС38/5
ТС39/5
ТС40/5



ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ ОД ОПШТ АКТ 3А - НЕПРОШТЕНО
- ЛИНИЈА НА КАТАСТАРСКИ ПАРЦЕЛИ

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ И ГРАДБИ:

- ИЗ3 НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ
- ЗЕМЈЕН ПАТ
- АСФАЛТЕН ПАТ
- КАНАЛ
- ОБЈЕКТ ВО РАМКИ НА ПРЕДМЕТЕН ПРОЕКТЕН ОПФАТ

ПОСТОЕЧКА ИНФРАСТРУКТУРА:

- ПОДЗЕМНИ ИНСТАЛАЦИИ – А1
- ОПТИЧКИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИОНИ ИНСТАЛАЦИИ - АБК
- ОПТИЧКИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИОНИ ИНСТАЛАЦИИ - ТЕЛЕКОМ
- НАДЗЕМНА МРЕЖА 10(20) KV - ЕВН
- СТОЛБ 10(20) KV - ЕВН
- ТРАФОСТАНИЦА 10(20)_ 0,4 KV - ЕВН
- ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА (КОЛЕКТОР) - ЈКП ТЕТОВО

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

РЕД. БРОЈ	НАМЕНА НА ПОВРШИНИ	ПОВРШИНА (м²)	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ(%)
1-9	Објекти	2213.67	0.58%
10	Асфалтен пат	17905.42	4.69%
11	Земјен пат	12314.83	3.23%
12	Канал	8459.80	2.22%
13	Неизградено земјиште	340545.23	89.28%
ПРОЕКТЕН ОПФАТ:		381438.95	100%

- Катастарски парцели
- Граница на катастарски општини
- Изохипси
- Канал
- Земјен пат
- Објекти
- Пруга
- Ограда
- Асфалтен пат
- Детална точка
- 1659 Број на катастарска парцела
- Детални точки од линија на оофат за ажурирана
- Бетонска бандери
- Дрвена бандера
- Шахта со кружен капак

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

ЗА ИЗГРАДБА НА НОВА ТРАСА НА ОБИКОЛНИЦА НА ТЕТОВО ПРЕКУ КЛУЧКА „ТРЕБОШ" ДО НЕПРОШТЕНО - ФАЗА 1

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

КАРТА НА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

РЕВИЗИЈА / РЕВИДЕНТ	ДАТУМ	ПОТПИС НА РЕВИДЕНТ	ПЕЧАТ НА РЕВИДЕНТ

ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА
Даме Груев бр.14, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел: 02 3066 819 | 02 3066 833 web: www.gim.com.mk , e-mail: gim@gim.com.mk

ИНВЕСТИТОР:	ОБЈЕКТ:
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА ул. Даме Груев бр.14, 1000 Скопје, Р.Северна Македонија	УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА НОВА ТРАСА НА ОБИКОЛНИЦА НА ТЕТОВО ПРЕКУ КЛУЧКА „ТРЕБОШ" ДО НЕПРОШТЕНО - ФАЗА 1

ПРОЕКТ:	ГЛАВЕН ПРОЕКТАНТ:	
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН	Дејан Мелнички, мр.градежништво ОДГОВОРЕН ПЛАНЕР: Ана Димитриевска Топевска, дипл.инж.арх	
ОБЛАСТ НА ПРОСТОРНИОТ ПЛАН: УРБАНИЗАМ	ПЛАНЕР: Катерина Николовска, дипл.инж.арх	
СОДРЖИНА НА ЛИСТ: КАРТА НА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА	СОРАБОТНИЦИ: мр.ф Владимир Арсовски, дипл.инж.арх, мр.ф Елена Спасеска , дипл.инж.арх,	

ТЕХНИЧКИ БРОЈ:	ДАТУМ:	РАЗМЕР:	ФОРМАТ:	ПРИЛОГ:
ПРР 084 - 10 - 21	Март 2023	1:1000	297 / 1200	3.1


ТЕТОВО
ТРЕБОШ-ВТР
ПОРО-ВТР
ЦЕПКИТЕ-ВТР
TS4
TS5
TS6
TS7
TS8
TS9
TS10
TS11
TS12
TS13
TS14
TS15
TS16
TS17
TS18
TS19
TS20
TS21
TS22
TS23
TS24
TS25
TS26
TS27
TS28
TS29
TS30
TS31
TS32
TS33
TS34
TS35
TS36
TS37
TS38
TS39
TS40
TS41
TS42
TS43



ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ ОД ОПШТ АКТ 34 и НЕПРОШТЕНО
- ЛИНИСКИ НА КАТАСТАРСКИ ПАРЦЕЛИ

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ И ГРАДБИ:

- К3 НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ
- ЗЕМЈЕН ПАТ
- АСФАЛТЕН ПАТ
- КАНАЛ
- ОБЈЕКТ ВО РАМКИ НА ПРЕДВИДЕН ПРОЕКТЕН ОПФАТ

ПОСТОЕЧКА ИНФРАСТРУКТУРА:

- ПОДЗЕМНИ ИНСТАЛАЦИИ – А1
- ОПТИЧКИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИОНИ ИНСТАЛАЦИИ – АЕК
- ОПТИЧКИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИОНИ ИНСТАЛАЦИИ – ТЕЛЕКОМ
- НАДЗЕМНА МРЕЖА 10(20) KV – ЕВН
- СТОЛБ 10(20) KV – ЕВН
- ТРАНСФОРМАЦИЈА 10(20)_0,4 KV – ЕВН
- ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА (КОЛЕКТОР) – ЈКП ТЕТОВО

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

РЕД. БРОЈ	НАМЕНА НА ПОВРШИНИ	ПОВРШИНА (м²)	ПРОЦЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ(%)
1-8	Објекти	2213.67	0.58%
10	Асфалтни пат	17905.42	4.69%
11	Земјен пат	12314.63	3.23%
12	Канал	8459.80	2.22%
13	Неизградено земјиште	340046.23	89.28%
	ПРОШТЕН ОПФАТ:	381438.55	100%

- Катастарски парцели
- Граници на катастарски општини
- Населби
- Канал
- Земјен пат
- Објекти
- Пруга
- Огради
- Асфалтен пат
- Број на катастарска парцела
- Детални точки од снимање
- на оските за вкрстувања
- Бетонска бандера
- Армиа бандера
- Шахта со кружен капак

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

ЗА ИЗГРАДБА НА НОВА ТРАСА НА ОБИКОЛНИЦА НА ТЕТОВО ПРЕКУ КЛУЧКА „ТРЕБОШ" ДО НЕПРОШТЕНО - ФАЗА 1

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

КАРТА НА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

РЕВИЗИЈА / РЕВИДЕНТ	ДАТУМ	ПОТПИС НА РЕВИДЕНТ	ПЕЧАТ НА РЕВИДЕНТ

ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА
Дрезденска 52, Скопје, Република Северна Македонија
тел: 02 3066 819 | 02 3066 822 | www.mwi.gim.com.mk , e-mail: gim@gim.com.mk

ИНВЕСТИТОР:
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
ул., Даме Груев бр.14, 1000 Скопје, Р.Северна Македонија

ОБЈЕКТ:
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА НОВА ТРАСА НА ОБИКОЛНИЦА НА ТЕТОВО ПРЕКУ КЛУЧКА „ТРЕБОШ" ДО НЕПРОШТЕНО - ФАЗА 1

ПРОЕКТ:
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

ГЛАВЕН ПРОЕКТАНТ:
Дејан Митиќиќ, мр/УРБ/ИНЖ

ОДГОВОРНО ПЛАНЕР:
Анче Димитриевска Толевска, дипл.инж.арх

ОБЈЕКТ НА ПРОСТОРИЈАТ:
УРБАНИЗАМ

У

ПЛАНЕР:
Катерина Николовска, дипл.инж.арх

СОДРЖИНА НА ЛИСТ:
КАРТА НА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА.

СОРАБОТНИЦИ:
м-р Владимир Арсовски, дипл.инж.арх,
м-р Елена Спасовска , дипл.инж.арх.

ТЕХНИЧКИ БРОЈ	ДАТУМ	РАЗМЕР	ФОРМАТ	ПРИЛОГ
ПРР 084 - 10 - 21	Март 2023	1:1000	297 / 1420	3.3


ЛЕГЕНДА:
ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ ОД ОПШТ АКТ 34 с. НЕПРОШТЕНО
ЛИНИСКА НА КАТАСТАРСКИ ПАРЦЕЛИ
НАМЕНА НА ПОВРШИНИ И ГРАДБИ:
НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ
ЗЕМЕН ПАТ
АСФАЛТЕН ПАТ
КАНАЛ
ОБЈЕКТ ВО РАМКИ НА ПРЕДВИДЕН ПРОЕКТЕН ОПФАТ
ПОСТОЕЧКА ИНФРАСТРУКТУРА:
ПОДЗЕМНИ ИНСТАЛАЦИИ - А1
ОПТИЧКИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ ИНСТАЛАЦИИ - АЕК
ОПТИЧКИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ ИНСТАЛАЦИИ - ТЕЛЕКОМ
НАДЗЕМНА МРЕЖА 10(20) KV - ЕВН
СТОЛБ 10(20) KV - ЕВН
ТРАНСФОРМАТОРСКА СТАНИЦА 10(20)_0,4 KV - ЕВН
ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА (КОЛЕКТОР) - ЈКП ТЕТОВО
ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА
РЕД. БРОЈ
НАМЕНА НА ПОВРШИНИ
ПОВРШИНА (м²)
ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ(%)
1-8 Објекти 2213.67 0.58%
10 Асфалтни пат 17905.42 4.69%
11 Земјен пат 12314.63 3.23%
12 Канал 8459.80 2.22%
13 Неизградено земјиште 340646.23 89.28%
ПРОЕКТЕН ОПФАТ: 381438.55 100%
Катастарски парцели
Граници на катастарски општини
Населби
Канал
Водостан
Објекти
Пруга
Огради
Асфалтен пат
Земјен пат
Број на катастарска парцела
Детални точки со елевација
на оските за вкрстувања
Бетонска бандера
Армиран бандер
Шахта со кружен капак
ТС1
ТС2
ТС3
ТС4
ТС5
ТС6
ТС7
ТС8
ТС9
ТС10
ТС11
ТС12
ТС13
ТС14
ТС15
ТС16
ТС17
ТС18
ТС19
ТС20
ТС21
ТС22
ТС23
ТС24
ТС25
ТС26
ТС27
ТС28
ТС29
ТС30
ТС31
ТС32
ТС33
ТС34
ТС35
ТС36
ТС37
ТС38
ТС39
ТС40


ТС1/5
ТС5/6
ТС6/7
НЕПРОШТЕНО-ВТР
ПЕТКИЦА-ВТР
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

ПЛАНСКИ ДЕЛ

А-ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. Опис и образложение на проектниот концепт на урбанистичкото решение во проектниот опфат

Просторот дефиниран за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план е наменет за изградба на нова траса на обиколница на Тетово преку клучка ,,Требош,, до Непроштено – фаза 1.

Предмет на овој проект, е утврдување на најповолната микролокација, техничко, економско, сообраќајно и просторно еколошко решение на трасата на патот, а во согласност со конкретните подлоги дефинирани посебно за проектот.

Според експлоатационите критериуми, режимот и видот на сообраќајот, местоположбата на трасата предметната делница се третира како регионален пат (обиколница Тетово)

Со теренските проспекции на теренот како и изработените геодетски подлоги, за постоечкиот пат констатирано е дека од геометриски и возно динамички аспект трасата релативно е со хомоген карактер без изолирани кривински елементи и доволна прегледност која што поволно влијае од аспект на безбедност на сообраќајот.

Имајќи го во предвид рамничарскиот предел во кој се наоѓа трасата нивелетското решение на постојната траса има благ тек без чести прекршувања, благи наклони и доволна вертикална прегледност.

Во рамките на предметниот проектен опфат се наоѓа асфалтен пат до половина од опфатот, а останатиот дел е земјан пат.

Хоризонталното решение на “обиколницата” е проектирано во најголем дел
да може да го прати постојниот асфалтен пат, при тоа водејќи сметка за граничните големини на конструктивните елементи, возно-динамичките, геометриско-конструктивните, градежни, економски и други услови.

Почетна точка на предметниот проектен опфат односно на новата траса на обиколница на Тетово преку клучка ,,Требош,, до Непроштено – фаза 1 е предвидена од постојниот асфалтен пат (после планираниот кружен тек кој е дел од клучка Требош), потоа продолжува врз постоечки земјен пат до поврзување со кружен тек со постојниот регионален пат Р1203 во Непроштено, каде ќе биде крајната точка на опфатот односно трасата.

Предметниот проектен опфат е со основна класа на намена - **Е1 (Сообраќајни инфраструктури),** согласно член 77, став 1 од Правилникот за стандарди и нормативи за Урбанистичко планирање (“Сл.весник на Р.С.М.” бр.225/20, 219/21, 104/22) односно

Е1.1 Јавни патишта со пратечките градби и инсталации
Е1.1 – Регионални патишта

Е1.5 – Градби за пумпање и пречистување на водата (Пумпна станица)

Проектниот опфат се протега низ Катастарските Општини: **КО Џепчиште вон град, КО Порој- вон град, КО Непроштено, КО Непроштено – вон град, КО Тетово вон град и КО Требош вон град**, **Административна Општина Тетово, Општина Теарце и Општина Желино.**
Проектниот опфат е со вкупна површина од: 381 438.95 м2 .

Во првата фаза за новата траса на обиколницата се поврзуваат приклучните постојни патишта. На стационажа км 3+540,00 се формира површинска крстосница за врска со Ратае и Џепчиште, додека на км 4+233,00 надвозник над постојната пруга. Трасата завршува со новопредвиден кружен тек на кој ќе биде поврзан постојниот регионален пат Р1203.
Трасата се вкрстува со постојна пруга.

Одводнувањето на површинските води е решено преку надолжниот и попречниот наклон на коловозот каде преку банкините, атмосферската вода истекува надвор од коловозот. За прифаќање на атмосферската вода од коловозот применети се бетонски канали кои ја одведуваат водата надвор од трупот на патот. Дел од овие канали ја испуштаат водата во новопроектираниот ”Породски јаз” додека останатиот дел од каналите прифатената вода ја спроведуваат во новопредвидени цевасти и плочести пропусти од каде водата се испушта во постоечки канали.

Од км 5+040,00 до крај на трасата заедно со кружниот тек површинската вода се зафаќа преку новопредвидени сливници, кои водата ја испуштаат во новопредвидена атмосферска канализација.

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА				
	НАМЕНА НА ПОВРШИНИ	КЛАСА НА НАМЕНА	ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ
			м2	%
1	**Јавни патишта со пратечките градби и инсталации - РЕГИОНАЛНИ ПАТИШТА**	Е1.1	179181.74	46.98%
2	**ЗАШТИТНО СООБРАЌАЈНО ЗЕЛЕНИЛО (ЗАШТИТЕН ПОЈАС)**	Д2.1	201929.19	52.94%
3	**ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА ЗА ПУМПНА СТАНИЦА**	Е1.5	328.02	0.09%
ВКУПНО (ПРОЕКТЕН ОПФАТ)			**381438.95**	**100%**

Во рамките на предметниот проектен опфат има постоечка пумпна станица која е под надлежност на АД Водостопанство (со допис бр.11-147/2 од 01.02.2023 год. АД Водостопанство не известува дека во рамките на предметниот проектен опфат има свои објекти и инфраструктура) . За истата е предвидена дислокација односно оформена е градежна парцела ГП 3, во која е предвидена површина за градба односно сите нумерички показатели. Истите се дадени во следната табела:

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА 3									
НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	КЛАСА НА НАМЕНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	НАМЕНА НА ОБЈЕКТ	ПОВРШИНА ЗА ГРАДЊЕ м2	БРУТО РАЗВИЕНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДЊЕ	КАТНОСТ	МАКСИМАЛНА ВИСИНА ДО ВЕНЕЦ	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ
3	328.02	Е 1.5	ВКУПНО ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ ВО ГП 3	36	36	П	5	11%	0.11
			ЗЕЛЕНИЛО ВО ПАРЦЕЛА	106.42				32%	0.32
			ПРИСТАПНА ПОВРШИНА	185.60				57%	0.57
			ВКУПНО ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 3	**328.02**	**36**	**П**		**100%**	**1.00**

Реализација на овој проект претставува оптимално решение и овозможува поволни технички и техничко – експлоатациони карактеристики на предметната делница со што во иднина би се овозможил побезбеден, економичен и тековен сообраќај (генерално од аспект на поголема пропустна моќ), а во согласност со урбанистичките услови и просторни ограничувања, како и расположливите инвестициски средства за реализација на проектот.

Според функционалноста и намената која ја извршува патот служи за локално и регионално поврзување на патната мрежа (населените места во регионот);

Со овој урбанистички проект ќе се предизвикаат позитивни ефекти врз целокупното непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот.

2. Детални услови за проектирање и градење

- Одредбите за уредување на просторот и графичките прилози се составен дел на Проектот и имаат дејство само врз градителската активност која ќе следи по стапување на сила на Урбанистичкиот проект .

- Изградбата на нови објекти, изградбата на комунални објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законската и позаконската регулатива, техничките прописи во областа на урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата.

- Доколку при изработка на проектната документација од пониско ниво или при уредување на просторот се дојде до нови одредени сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со изведба на конкретната инфраструктура, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство.
- Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, ќе се постапи во согласност со член 65 од Законот за заштита на културно наследство („Службен весник на Република Македонија“ број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 29/16) односно веднаш треба да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културно наследство, според член 129 од Законот.

Изведувачот на работите е должен:
- Да го пријави откритието во смисла на членот 129став (2)на овој закон;
- Да ги запре работите и да го обезбеди наоѓалиштето од евентуално оштетување и уништување, како и од неовластен пристапи
- Да ги зачува откриените предмети на местото и во состојбата во која се најдени.

Ако предметите се ископани односно извадени заради нивна подобра заштита или со оглед на околностите, Изведувачот на работите е должен:
- Да ги предаде откриените предмети при нивното пријавување или тоа да го направи при идентификацијата во смисла на членот 66 од овој закон а до предавањето да превземе мерки кои се нужни за да не пропаднат и да не се оштетат или да се оттуѓат
- Да ги даде сите релевантни податоци во врска со местото и положбата на предметите во времето на откривањето и за околностите под кои тоа е направено.

Недвижното културно наследство, без оглед дали е во прашање заштитен регион, градителска целина или поединечен објект, како заедничко светско културно богатство кое припаѓа на целото човештво, во урбанистичките ланови треба да се третираат на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационото ткиво на градовите и населените места или поширокото подрачје и потенцирање на неговите градежни обликовни и естетски вредности.
- Начинот на изведување на инфраструктурата треба во целост да биде во согласност со изработената техничка документација и пропишаната градежна регулатива.

- Сите услови за изградба на просторот во рамките на третираниот проектен опфат кои не се опфатени во приложените услови за изградба на просторот од оваа проектна документација да бидат во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.С.М 32/20), Закон за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19, 18/20 и 279/20) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.С.М 225/20, 219/21, 104/22)

Пред отпочнување со изведбата, Изведувачот на работите е должен да изработи Програма со динамика за изведување на работите и истата да биде одобрена од Надзорот.

-Да се обезбеди заштита, унапредување и адекватно користење на природните предели, амбиентите и пејзажите во просторот во насока на зачувување на амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот.

Според Просторниот план на Република Македонија автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

- А2 - (Граница со Бугарија - ГП Деве Баир - Крива Паланка - Страцин - Романовце
  - Куманово - Миладиновце - обиколница Скопје - Тетово - Гостивар - Кичево - Требениште - Струга - граница со Албанија - ГП Ќафасан).

  Релевантните регионални патни правци за предметната локација, според Просторниот план на Република Македонија, влегуваат во групата на регионални патишта "РІ" и се со ознака:
- Р1203 (405)- (Тетово-врска со А2-Вратница-гр.со Р. Косово-ГП Јажинце).
- Р1206 - (Кључка Матка-врска со А2-Групчин-Тетово-Боговиње-Врапчиште-Гостивар-врска со А2).
- При планирање да се почитува Законот за јавни патишта (,,Службен весник на Република Македонија" број: 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13,39/14,42/14, 166/14,44/15, 116/15, 150/15,31/16, 71/16, 163/16и 174/21)
- При планирање да се почитува заштитна зона на патот, согласно Законот за јавни патишта (,,Службен весник на Република Македонија" број: 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16, 174/21).
- При планирање на локацијата да се почитува Законот за железничкиот систем (,,Службен весник на Република Македонија" број 91/13-пречистен и 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16, 64/18, 302/20) и Законот за сигурност во железничкиот систем (,,Службен весник на Република Македонија" број 48/10, 23/11, 53/11, 158/11, 137/13, 163/13, 42/14, 166/14, 147/15, 193/15, 31/16, 52/16, 63/16, 71/16), 35/18, 64/18 и 22/20).

- Со допис бр.2001-720/2 од 21.02.2023 год. ЈП Железници ни доставува услови за изработка на техничка документација за надвозник преку железничката пруга Ѓорче Петров- Кичево на км.38+884.5 и тоа (услови со архивски број 2001-321/2 од 21.02.2023 год:

1. Техничката документација да биде изработена во склад со важечките технички прописи за таков вид објекти и во согласност со Законот за железничкиот систем (Сл. Весник бр.48/2010 и неговите измени и дополнувања) и Законот за сигурност во железничкиот систем (Сл. Весник бр.48/2010 и неговите измени и дополнувања)
2. Во техничката документација за објектот потребно е да се внесат сите постоечки инсталации и обејкти сопстевеност на ЈП ЖРСМ Инфраструктура – Скопје кои постојат на предметното подрачје за да истите се земат во предвид и заштитат за време на изведување на работите.
3. На предметното подрачје постојат кабелски инсталации, сопстевност на ЈП ЖРСМ Инфраструктура – Скопје , лево (оптички) и десно (бакарни) кабли на растојаније 5 до 10 м. од осовината на колесекот.
4. Поради откривање на точната локација и заштита на кабловската траса, потребно е пред отпочнување на работите, во зоната на железничката пруга да се изврши шлицување на теренот. Шлицувањето на теренот да се изведе во задолжително присуство на стручни лица од ЈП ЖРСМ Инфраструктура – Скопје, Сектор за ЕТП како да не би дошло до оштетување на кабловите.
5. Планираното вкрстување на обиколницата на Тетово преку клучка Требош до Непроштено со железничката пруга Ѓорче Петров- Кичево, да се реализира со изградба на надвозник над железничката пруга на км.38+884.5. Надвозникот да биде со следните карактеристики: Распон = мин.24м. слободна висина од ГИШ до најниската точка на мостовската конструкција од мин 6,5 м.
6. Минималното хоризонтално растојание од осовината на пругата до најблиската точка од конструкцијата на армирано бетонскиот надвозник (столбовите) да биде мин.8м лево и 10 м десно од осовината на железничката пруга во правец на Кичево.
7. Одводнувањето на атмосферската вода од коловозната конструкција на надвозникот во зона на пругата да се реши така да не предизвикува оштетување на пругата и околниот терен.
8. Одводните канали на железничката пруга треба да бидат заштитени и да останат во функција и во првобитната состојба.
9. Минималното растојаније од осовината на пругата до монтажното скеле да изнесува мин 4 м.
10. Постојната пруга во иднина треба да се електрифицира со напон од 25Kv/50 Hz, поради што е потребно со проектот да се предвиди поставување на заштитни мрежи на оградата од надвозникот согласно Правилникот за поблиски технички критериуми за спроведување на заштитни мерки на контактна мрежа на електрифицирани пруги со монофазен систем 25Kv/50 Hz како и на сите постројки и уреди што се наоѓаат во непосредна близина на контактната мрежа (Сл.весник на РМ бр.2/2011). Трошоците за оваа заштита на објкетот ќе бидат на товар на Инвеститорот.

11. Градежните работи да се изведуваат без прекин на железничкиот сообраќај при што не смее да се наруши слободниот профил на пругата.
12. Составен дел на проектот да биде и детален опис на технологијата за изведување на работите која ќе овозможи изведба на надвозникот без прекин на железничкиот сообраќај.
13. Доколку се јави потреба од прекин на сообраќајот или бавно возење, Инвеститорот треба дасклучи договор со ЈП ЖРСМ Инфраструктура – Скопје и АД Транспорт Скопје за регулирање на термините на изведување на работите и трошоците за застој на сообраќајот.
14. Термините за изведување на работите со прекин на сообраќајот ги определува ЈП ЖРСМ Инфраструктура – Скопје во зависност од сообраќајната состојба на железничката пруга.
15. Работите да се изведуваат по добивање на согласност и во задолжително присуство на надзорен орган од ЈП ЖРСМ Инфраструктура – Скопје за што е потребно Инвеститорот да склучи договор за надзор.
16. За добивање на согласност потребно е техничката документација за премин со надвозник преку пругата Ѓорче Петров- Кичево на км.38+884.5 да се достави до Комисијата за преглед на инвестиционо техничка документација при ЈП ЖРСМ Инфраструктура – Скопје во два примерока а составен дел на проектот да бидат и овие услови.
17. Без склучен договор за надзор, издадената согласност е неважечка.
18. Инвеститорот треба да го извести Секторот за инвестиции на ЈП ЖРСМ Инфраструктура – Скопје за денот на отпочнување на работите.
19. Доколку дојде до било какво оштетување на железничката инфраструктура, направените штети кон ЈП ЖРСМ Инфраструктура – Скопје да бидат надоместени од страна на Инвеститорот, согласно со Законот за сигурност на Железничкиот систем (СЛ. Весник бр.48/2010 год).
20. Во случај Изведувачот да не постапи по пропишаните услови за изработка на техничка документација и да го изведе обејктот без присуство на Надзорен инжинер, ќе биде одговорен согласно Законот за железнички систем и Законот за сигурност на Железничкиот систем (СЛ. Весник бр.48/2010 год).
21. По завршување на работите, Инвеститорот да достави до ЈП ЖРСМ Инфраструктура – Скопје, Сектор за инвестиции, примерок од Проектот за изведена состојба и извести дека работите се завршени.

- Со допис бр.2001-826/2 од 22.02.2023 год. **ЈП Железници** не известува дека нема забелешки на проектната документација.

- Согласно податоците од **ЕВН** (допис бр.10-55/6-274 од 16.09.2021 год.) во рамките на предметниот проектен опфат има електроенергетски објекти и инсталации во нивна надлежност, прикажани во графичките прилози.

  При постоење на подземна електро инфраструктура во предметниот проектен опфат , потребно е да се контактира најблискиот КЕЦ , за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предментиот проектен опфат.

Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.

Услов кај сите вкрстувања и приближувања до електроенергетски објекти и инфраструктура е да се запазуваат законските прописи и работните норми.

Согласно член 138 (Службен весник на Р.С.М, 191/2019 год.) предвиден е заштитен појас на електроенергетските инсталациии и тоа:

- заштитен појас од 10м од осовината на водот за надземен вод со номинален напон од 10(20) KV,

- заштитен појас од 1м од осовината на водот за подземен вод со номинален напон од 10(20) KV,

- заштитен појас на трафостаница 10(20) KV_0.4 – 2м. од ѕидот на трафостаницата

Во рамките на предметниот проектен опфат е предвидена и предлог дислокација на електроенергетските објекти и инфраструктура, прикажана во графичките прилози (трошоците за истата е должен да ги надомести Инвеститорот).

1. Во опфатот поминуваат среднонапонски надземени 10 кВ далекуводи, чиј заштитен појас изнесува 10 метри лево и десно од оската на водот. Овој заштитен појас се однесува на површината и просторот под, над и покрај самиот вод кој е потребен за заштита и одржувањена водот и во него не е дозволено изведување на работи, односно планирање и градење без согласност на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје.
2. Со планската документација, се предвидува надземните 10 кВ вод да се дислоцираат.
3. За промена или дислокација на електроенергетски објекти и инфраструктура, претходно е потребно да бидат исполнети услови за промена или дислокација, односно инвеститорот е должен да поднесе барање и да ги надомести трошоците за истото, по издадено техничко решение од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје.
4. Се до исполнување на условите за промена или дислокација на водовите и реализација на техничкото решение, важат нивните заштитни појаси и одредбите од Закон за енергетика и Мрежни правила за дистрибуција на електрична енергија.
5. Задолжително да се почитуваат заштитните појаси на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

ЕВН со допис бр. 10-25/6 -51 од 08.02.2023 год не известува дека дава позитивно мислење.

- **НЕР** со допис бр.03-2841/2 од 20.09.2021 год . не известува дека на предметниот проектен опфат нема изградено и не е планирано изградба на гасоводна мрежа и дава позитивно мислење.

- **Министерство за внатрешни работи** , со допис бр. 11.2.73371 /2 од 04.08.2022 год. не известува дека не располага со податоци за постоење на телекомуникациска инфраструктура. Доколку во текот на изведбените работи се појават телекомуникациски инсталации , задолжително да се извести Министерство за внатрешни работи.

- **Министерство за животна средина и просторно планирање, Управа за животна средина, Сектор Води** со допис со арх.бр.11-5755/2 од 10.11.2022 година. исто така не известува дека дека предметната локација е надвор од границите на заштитени подрачја на Р.С.М. а притоа северната локација е во втората а јужната во трета заштитна зона на изворот Рашче притоа поминува преку непостојани водени текови и преку реката Брза вода.

  Од тие причини , при изготвување на проектната документација, од аспект на заштита на водите а во согласност со Законот за води (Сл.в. на РМ, бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16) треба да бидат исполнети следните критериуми за заштита , одржување и уредување на површинските води и крајбрежните земјишта:

1. Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, забрането е , освен со дозвола или согласност, изградба на постројки и објекти во заштитениот крајбрежен појас во широчина од 50м. Зад линијата на допирањето на педесетгодишната вода кај нерегуларните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци и кај езеро и акумулации во ширина од 50м. од линијата на највисокиот утврден водостој.
2. Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци, езерата и акумулациите, се забранува освен со дозвола или согласност издадена врз основа на закон:

- да се менува правецот на водотекот
- да се врши градба или зафат кои што би имале негативно влијание врз протокот на водотекот
- да се градат напречни насипи, прегради, други објекти и насади во коритата на водотеците кои го влошуваат режимот на течението на водите
- да се сечат дрвја, грмушки и друга вегетација во речните корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите
- да се вади песок, чакал , камен од коритата и бреговите на површинските водни тела за да не дојде до влошување на постојниот режим на водите и се предизвикуваат процеси на ерозија или оневозможува користење на водите
- да се изгради брана, насип или слична препрека која би имала негативно влијание на протокот на водотекот
- да се фрла отпаден материјал (комунален, индустриски и др.) земја, градежен шут, јаловина и сл.
- да се вршат други активности со кои се оштетуваат речните корита и бреговите на водотеците, акумулациите и езерата.

3. Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и постројки се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постројките.
4. Да се спроведат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанци
5. Пристапот до крајбрежниот појас на водотеците, акумулациите и езерата за спорт, рекреација и сл.активности потребно е да биде слободен

Министерството за животна средина и просторно планирање согласно Законот за води издава Дозвола за користење на водите како и водостопанска согласност заради изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни објекти кои се наоѓаат во или покрај површинските води, објекти кои што поминуваат преку или под површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта а кои може да влијаат врз режимот на водите.

Задолжително да се почитуваат одредбите во однос на заштитните зони на изворот Рашче.

Трасата на обиколницата за Тетово преку клучката "Требош" до Непроштено, КО Непроштено вон гр., КО Пороj ван гр., КО Требош вон гр., КО Џепчиште вон гр. и КО Тетово вон гр., Општина Тетово, Општина Теарце и Општина Желино, минува низ втората (зона на санитарно ограничување) и третата заштитна зона (зона на хигиенско епидемиолошко следење и набљудување) на изворот Рашче.

За заштита на изворишето Рашче, донесена е „Одлука за определување на заштитни зони за заштита на водозафатниот објект извор „Рашче", мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитни зони и картографски приказ" (Сл.весник на РСМ бр. 3/21). Согласно одлуката како и Просторниот план на регионот на заштитните зони на Изворот ,,Рашче,, (Сл..весник на РМ бр.98/02) , при изработката на документацијата и нејзината реализација да се почитува и применува пропишаниот режим на заштита на изворишето.
Одлуката за определување на заштитни зони за заштита на водите за водозафатниот објект извор „Рашче“, мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитните зони и картографски приказ (Службен весник на Република Северна Македонија на 5 јануари 2021 год.) и согласно член 10 од оваа одлука, одредени дејности и активности не треба да се извршуваат во втората заштитна зона. Изградбата на државен/регионален пат не се вбројува меѓу забранетите активности.

- Со допис бр. 11-853 / 2 од 03.02.2023 год. **Министерството за животна средина и просторно планирање - Сектор води , дава позитивно мислење**.

- Од страна на **Општина Теарце** е дадена изјава (бр.08-1989/1 од 09.12.2022 год) во која се констатира дека спроведувањето на Општ акт за село Непроштено (одлука бр. 13-139/1 од 31.01.2017 год.) нема да се извршува за дел од КП наведени во истата, се до усогласување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на нова траса на обиколница на Тетово преку клучка „Требош“ до Непроштено - фаза 1, бидејќи истите се опфатени со градежна линија од предметниот проект (која навлегува во Општиот акт) и е со намена Е.1.1 а со Општиот акт за село Непроштено се испланирани со намена А1 и Г2.

  Донесувањето на оваа одлука е со цел да се реализира Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на нова траса на обиколница на Тетово преку клучка „Требош“ до Непроштено - фаза 1, со оглед на тоа што во планското решение на Општиот акт за село Непроштено, нема таква можност.

Општина Теарце со допис бр. 09-75/1 од 01.02.2023 год не известува дека дава позитивно мислење.

- Со допис бр.11-147/2 од 01.02.2023 год. **АД Водостопанство** не известува дека во рамките на предметниот проектен опфат има свои објекти и инфраструктура. Во рамките на предметниот проектен опфат се наоѓа отворен земјен и бетонски канал за наводнување кои треба да бидат земени во предвид при урбанистичкото планирање. Планираниот патен правец на едно место го сече главниот магистрален канал за наводнување Радиовце – Бистрица каде има плочет пропуст во должина од 20м. Во тој дел, до самиот плочест пропуст и канал постои пумпна станица (не е во функција) со цевковод за наводнување на дел од Џепчишко поле. Во предметниот проектен опфат поминува и Породска река која поминува под самиот пат и оди премасело Требош.
  За постоечката пумпна станица, предвидена е дислокација односно оформена е градежна парцела ГП 3, во која е зададена површина за градба односно сите нумерички показатели.
  Посочените хидротехнички објекти треба да се земат во предвид при урбанистичкото планирање и доколку дојде до нивно оштетување, треба да се вратат во првобитно состојба.

  Со допис бр. 11-373/2 од 22.02.2023 год **АД Водостопанство на РСМ Скопје** не известува дека нема забелешки и ја прифаќа приложената проектна документација. Во проектната документација предвидени се објектите и инфраструктурата согласно Законот за води со кои стопанисува **АД Водостопнаство на РСМ** во државна сопственост – Скопје. Со допис бр. 0303-19/2 од 22.02.2023 год. АД Водостопанство – Подрачно одделение Тетово, не известува дека дава **позитивно мислење.**

- Со допис бр.11-636/1 од 06/02/2023 год **А1 Македонија** не известува дека дава позитивно мислење. Доколку има потреба од дислокација на постојната телекомуникациска инфраструктура, да се постави новопланирана траса во рамките на експропријационата линија во консултација со сопственикот на постоечката инфраструктура – А1 Македонија дооел Скопје. Трошоците за дислокација на постојната телекомуникациска инфраструктура ги сноси Инвеститорот на проектот.

- Со допис бр. 1404 – 495/2 од 10.02.2023 год. **АЕК** не известува дека дека нема забелешки на проектот.
- Согласно допис бр.15-582/2 од 08.02.2023 год. **АД Гама и НЕР** - (спојување на акционерски друштва под име НОМАГАС) не известува дека дава **позитивно мислење.**
- **ЈКП Тетово** дава **позитивно мислење**.
- **ЈПДП** со допис бр. 10-788/2 од 30.01.2023 год не известува дека нема забелешки на проектната документација и дава **позитивно мислење**.

- **ЈП Национални шуми** со допис бр. 15-29/56 од 09.02.2023 год не известува дека дава позитивно мислење но да бидат исполнети следните услови: Доколку објектите се планирани да се градат во шума и шумско земјиште согласно Законот за шумите за изградба на објекти во шума и шумско земјиште потребно е да се започне постапка за трајна пренамена на шума и шумско земјиште согласно законите, преку надлежното Министерство.

- **Општина Тетово** со допис бр. 10-2375/2 од 16.02.2023 год не известува дека дава **позитивно мислење**.
- **Општина Желино**, со допис бр. 11-260/2 од 17.02.2023 год не известува дека дава **позитивно мислење**.
- **Македонски Телеком** со допис бр. 48901 од 10.02.2023 год не известува дека дава позитивно мислење. Да се преземат сите неопходни мерки за заштита на постојната тк инфраструктура согласно техничките прописи или наша усогласеност. Доколку се јави потреба од заштита/дислокација на тк инфраструктурата, да се поднесе барање до Секторот за продажба. Секоја евентуална штета која ќе биде направена во текот на работите врз тк инфраструктурата , веднаш да биде пријавена до Македонски Телеком.
- Со допис бр. 11-853 / 3 од 06.02.2023 год. **Министерството за животна средина и просторно планирање , Сектор природа** , од аспект на своите надлежности констатира дека предметниот проектен опфат не влегува во граници на заштитени подрачја утврдени со закон и дава **позитивно мислење за реализација на истиот**.

- Согласно допис бр. 0939 – 2126/2 од 21.02.2023 год. **Агенцијата за катастар на недвижности** не известува дека **се исполнети условите за издавање на позитивно мислење**.

1. Мерки за заштита

- Согласно допис бр.09-2625/2 од 21.10.2022 год**. Дирекција за заштита и спасување,** доставува претходни услови за заштита и спасување.

Заштита на животната средина

Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од "пасивниот" пристап, со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целост, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано на принципите на одржливиот развој. Одржувањето на континуитет во следењето на состојбите во медиумите и областите на животната средина, дава претстава за трендот на промени кои настанале во текот на подолг временски период на анализираното подрачје, како основа за планирање и предвидување на промените кои би можело да се очекуваат во животната средина во временската рамка на која се однесува планскиот документ.

Анализите на начинот на изведба, активностите кои би се одвивале во текот на изградбата на обиколница за Тетово преку клучката "Требош" до Непроштено КО Непроштено ван гр., КО Порој ван гр, КО Требош ван гр, КО Џепчиште ван гр и КО Тетово ван гр, Општина Тетово, Општина Теарце и Општина)Келино, и активностите кои би се превземале во насока на одржување во текот на експлоатациониот период, овозможуваат утврдување на изворот на евентуалните негативни влијанија врз животната средина во текот на двете фази.

Во периодот на рехабилитацијата на патот, земјаните активности ќе бидат главен извор на негативно влијание врз животната средина. Во оваа фаза се вклучени следните активности:

Подготвителни аЈ(тивности: во кои се вбројуваат расчистување на локацијата, отстранување на вегетацијата и подготовка на тлото;

Градежни аЈ(тивности: во кои се вбројуваат земјаните активности (усеци, насипи, искапи или набивање на земјиштето и др.) и истите се однесуваат на сите елементи на изведба.

Во тек на експлоатациониот период, редовните активности и активностите кои се превземаат во интервентни случаи (инспекција, поправки, замена на делови и ел.) би можеле да имаат негативно влијание врз животната средина. Времените објекти (кампови) кои би служеле како место во кое би престојувале работниците во периодот на извршување и спроведување на активностите, исто така претставуваат потенцијален извор на загадување на животната средина.

Влијанија врз животната средина се одразуваат преку специфичните промени што се јавуваат во сите медиуми на животната средина. Промената на условите само во еден медиум може да предизвика промена во сите останати.

Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина на предметниот простор за изградба на обиколница за Тетово преку клучката "Требош" до Непроштено, КО Непроштено вон гр., КО Порој вон гр, КО Требош вон гр, КО Џепчиште вон гр и КО Тетово вон гр, Општина Тетово, Општина Теарце и Општина Желино, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

Со Просторниот план на регионот на заштитните зони на изворот Рашче направена е анализа на територијата на Првата и Втората поширока заштитна зона на изворот, при што со анализа на природните фактори опфатен е просторот на целокупното сливно подрачје. Предметната локација, влегува во 11 и 111 заштитна зона на изворот Рашче.

На подрачјето, емисијата на загадувачките материи во воздухот, се должи на отпадните гасови од индустриското производство и сообраќајот. Поради тоа што не се врши мониторинг на емисиите на отпадни гасови од поединечните извори на загадување, отежната е проценката на реалната состојба и истовремено се наметнува потребата од интегрирање на компонентата на управување со квалитетот на воздухот во урбанистичкото планирање. Потребно е да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи

квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии. Да се уреди околниот простор со зеленило. При изборот на вегетацијата да се даде приоритет на видовите (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет за загадувачки материи.

Загадувањето на водите во Полошката котлина е последица на ерозивните процеси, преку кои се внесуваат големи количини на минерали и органски материи, испуштање на ефлуенти од домаќинствата, индустријата, земјоделието (полјоделството и сточарството), присуство на неуредени и диви депонии. Од проценетиот квалитет на водите во Вардар, е утврдено

перманентно отстапување од пропишаниот квалитет, особено по вливот на комуналните и индустриските отпадни води од Тетово, што се одразува на податоците за квалитетот на водата на мерните места. Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води, пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот.

При реализација на предвидените активности на терен да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.

Со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата врз здравјето на населението во непосредната околина и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина, потребно е да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата.

Неопходно е спроведување на организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Заштита на природно наследство

Од областа на заштита на природата *(природното наследство, природните реткости и биолошката и пределската разновидност),* документацијата за предметниот простор треба да се усогласи со Просторниот план на Република Македонија, врз основа на режимот за заштита, ќе се организира распоред на активности и изградба на објекти кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштитата.

Особено внимание при заштита на природата, треба да се посвети на начинот, видот и обемот на изградбата што се предвидува во заштитените простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со инкомпатибилните функции. За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

- Оптимална заштита на просторите со исклучителна вредност;
- Зачувување и обновување на постојната биолошка и пределска разновидност во состојба на природна рамнотежа;
- Обезбедување на одржливо користење на природното наследство во интерес на сегашниот и идниот развој, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа;
- Спречување на штетните активности на физички и правни лица и нарушувања во природата како последица на технолошкиот развој и извршување на дејности, односно обезбедување на што поповолни услови за заштита и развој на природата;
- Рационална изградба на инфраструктурата;
- Концентрација и ограничување на изградбата;

- Правилен избор на соодветна локација.

Согласно Законот за заштита на природата (,,Службен весник на Република Македонија" број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14,146/15, 39/16, 63/16, 113/18 и 151/21) и Законот за животна средина (,,Службен весник на Република Македонија" број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и 89/22) потребно е внесување на мерки за заштита на природата при планирањето и уредувањето на просторот и истите треба строго да се почитуваат.

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка за изградба на обиколница за Тетово преку клучката "Требош" до Непроштено, КО Непроштено вон гр., КО Пороj вон гр, КО Требош вон гр, КО Џепчиште вон гр и КО Тетово вон гр, Општина Тетово, Општина Теарце и Општина Желино, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.

Доколку при изработка на документацијата за предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат мерки за заштита на природното наследство:

- Утврдување на границите и означување на сите објекти кои би можеле да бидат предложени и прогласени како природно наследство;
- Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување на природното добро или Просторниот план за подрачје со специјална намена;
- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природни вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж;
- Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;
- Воспоставување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето;
- Почитување на начелата за заштита на природата согласно Законот за заштита на природата.

Заштита од воени разурнувања , природни и технички технолошки катастрофи

Согласно Просторниот план на Република Македонија, предметната локација за која се наменети условите за планирање на просторот за изградба на обиколница за Тетово преку клучката "Требош" до Непроштено, КО Непроштено вон гр., КО Пороj вон гр, КО Требош вон гр, КО Џепчиште вон гр. и КО Тетово вон гр, Општина Тетово, Општина Теарце и Општина Желино, се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства и индиректно загрозени простори од воени дејства.

Простори со висок степен на загрозеност од воени дејства се простори кои во случај на војна би се нашле во зафатот на стратегиските насоки на нападот на агресорот. Истовремено тоа се насоки кои се совпаѓаат со природните комуникациски коридори во кои се сконцентрирани најразвиените физички структури и се со најгуста населеност. Оттука во случај на војна во овие простори може да се очекува висок степен на повредливост на физичките структури, луѓето и материјалните добра.

Индиректно загрозени простори од воени дејства се ридско- планински и субпланински простори, кои се наоѓаат во непосредна близина на просторите со висок степен на загрозеност (самите не се директно изложени на борбени дејства) или во близина на просторите за формирање слободна територија, поради што се погодни за принуден и повремен престој на борбените единици, евакуираното население и др.

овластувањето важи до 11.11.2027 год.

Број: 2.1324

Издадено на: 12.11.2022 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

М-р Кристинка Радевски
дипл.инж.арх.

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 17 став 2 од Законот за градење „Службен весник на Република Македонија“ бр.70/2013-пречистен текст, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016 , 39/2016, 71/2016 и 132/2016, 35/2018, 64/2018), Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ А

ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

од

ГРАДЕЖНИШТВО

на

м-р ДРАГАНЧО ВОЛЧЕСКИ

дипломиран градежен инженер (NQF 300 ECTS)

со подмирување на членаринатa за секоја тековна година
овластувањето важи до 19.02.2025 год.

Број: 2.2239

Издадено на: 20.02.2020 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

П Р О Г Р А М С К И Д Е Л

P R O G R A M P A R T

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА



ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ОБИКОЛНИЦА НА ТЕТОВО ПРЕКУ КЛУЧКА ТРЕБОШ ДО НЕПРОШТЕНО

Скопје, март 2021 година

1. ВОВЕД

Планираната обиколка на Тетово ќе биде дел од патната мрежа на Р.С.Македонија и започнува од државниот пат А2 (автопатска делница Скопје-Тетово) кај с. Требош, а завршува на државниот пат Р1203 (Тетово-Јажинце) кај с. Непроштено.

Со изградбата на предметната делница ќе се изврши прекатегоризација на планираната обиколница на Тетово (северна обиколница) која ќе биде дел од регионалниот патен правец Р1203. Делницата од Непроштено до Тетово ќе биде отстапена на локалната самоуправа.
Целта на изработката на проектната документација е изведба на обиколка на Тетово со цел пренасочување на тешките товарни возила, како и транзитниот сообрачај од Косово кон Гостивар, Кичево, Охрид, Г.П. Ќафасан кои во овој момент ги користат сообраќајниците во градот, кон обиколката.

Сл. 1. Ориентациона положба на трасата

Обиколката на Тетово треба да започне со денивелиран патен јазол при што, доколку има доволно растојание до клучката Тетово - Исток, може да се искористи и надпатникот кај с. Требош како што е прикажано на Сл. 2 (преземена од Google Earth). Од клучката Требош спрема спојот со Р1203 во најголема можна мерка треба да се користат постојните земјени патишта како што е прикажано на Сл. 1 (преземена од Google Earth). Оваа делница треба да ја пресече постоечката железничка пруга Скопје-Тетово и притоа треба да се даде решение за премин, денивелирано или површински. Исто така, да се земе предвид вкрстосувањето во ниво на постојниот земјен пат кој води кон Ратае и кон Тетово. Ќе треба да се

предвиди градежно и сообраќајно решение со раскрсница во ниво (површинска раскрсница). Патот треба да заврши со површинска крстосница во близина на с. Непроштено. Притоа да се разгледаат сите можни варијанти за приклучување на државниот пат P1203, Тетово-Јажинце. Некои можни решенија се прикажани на Сл. 3 (преземена од Google Earth). Ориентационата должина на трасата е околу 5.3 км (мерено од Google Earth) при што не се земени предвид должините на рампите на новопредвидената клучка Требош.

Сл. 2. Натпатник на делница Скопје-Тетово кај с. Требош (почеток на трасата)



Сл. 3. Некои од можните варијанти на крајот од трасата на Обиколка на Тетово

Согласно Законот за градење предмет на Проектната програма е дефинирање на програмски и проектни услови и параметри, како и проектни основи за изработка на инвестиционо техничка документација на ниво на **Основен проект**.
Потенцијалните понудувачи, пред давање на понуда, исто така се должни да ја проверат точната должина на делницата вклучувајќи ги сите денивелирани и површински раскрсници, така што во цената на проектот треба да се вклучени сите трошоци.
Покрај самото проектирање, во рамките на програмата се дефинирани и другите аспекти кои треба да се предмет на понуда, а кои се однесуваат на трасата или за нејзини објекти.
Потребно е да се изработи:

I. **Урбанистички проект за нова траса на обиколница на Тетово преку клучка Требош до Непроштено,**
II. **Основен проект за нова траса на обиколница на Тетово преку клучка Требош до Непроштено**

II. ПРОЕКТНА ПРОГРАМА
ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА НОВА ТРАСА – ИЗГРАДБА НА ОБИКОЛНИЦА НА ТЕТОВО ПРЕКУ КЛУЧКА ТРЕБОШ ДО НЕПРОШТЕНО

2. ЦЕЛ И ПРЕДМЕТ НА ПРОЕКТОТ

Цел и предмет на Основниот проект е прецизирање на проектните услови и параметри и проектните основи со цел за точно дефинирање на потребните инвестициони средства за реализација.
Како програмска основа за изработка на ОСНОВНИОТ проект ќе бидат заклучоците од Урбанистичкиот проект за предметната делница од каде ќе бидат преземени почетокот и крајот на трасата како и генералното протегање на трасата.

3. ПОДЛОГИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ

Треба да се користат сите подлоги од коишто се добиваат потребните информации за микролокацијата и актуелниот простор, потребните влезни сообраќајни параметри, геотехнички услови, снабдување со материјали, постојна техничка документација, законска и техничка регултива и др. Како подлоги да се користат:

- Проектна програма,
- Услови за планирање на просторот
- Просторни планови
- Урбанистички планови
- Урбанистички проект за предметната делница
- Ажурирани геодетски подлоги
- Друга постојна техничка документација за регионалните и локалните патни правци во разгледуваниот регион (Јавно претпријатие за државни патишта, Општина Тетово, Општина Желино, Општина Јегуновце),
- Расположиви податоци за сообраќајното оптоварување на автопат А2, делница Скопје – Тетово и регионален пат Р1203, делница Тетово – Г.П. Јажинце (од Јавното претпријатие за државни патишта и од ЈП Македонија пат)
- Расположиви податоци за подземна и надземна постојна и планирана инфраструктура
- Геотехнички подлоги
- Тематски карти (стопански, водостопански, сеизмички, педолошки, хидрографски, еколошки и сл.),
- Намена на површините и користење на земјиштето,
- Климатски и хидролошки параметри,
- Водостопанска основа на Р.С. Македонија,
- Рекогносцирање на теренот,
- Важечка законска и техничка регулатива.

3.1.Топографски подлоги

Врз основа на нумеричките податоци (Xi,Yi,Zi), добиени со снимање на деталните точки во патниот коридор, се изработуваат топографски подлоги - планови во следниот размер: за ситуационен план на трасата на патот во размер P= 1:1000 и/или P=1:500; за ситуациони и нивелациони планови на површинските крстосници P=1:500 и/или P=1:250; за диспозициони решенија на пропусти P=1:250 и/или P=1:100. Во рамките на ситуациониот план треба да се прикажат сите ограничувања потребни за што поточно дефинирање на трасата како и на конструктивните елементи на патот како што се: постоечки објекти, постоечки елементи за наводнување или одводнување, надземни инсталации, постоечки патишта и др.

3.2. Ограничувања (топографски, тло, вода, зона на заштита, изграденост)

На топографските планови прецизно се ограничува локалитетот и зоната кај која поради природни и создадени услови неопходно е микропоместување на елементите на трасата или доколку не е можно да се избегнат такви места следуваат посебни конструктивни мерки. Исто така се нанесуваат и означуваат постојни и планирани други објекти, и надземни и подземни инсталации, како и сите ограничувања.

3.3. Геотехнички услови, снабдување со материјал

Согласно резултатите од геотехничките истражни работи кои се изведуваат според посебна програма, прецизно се дефинира геолошката градба на теренот во зона на патниот појас, а на места и пошироко за утврдување на стабилноста на теренот, да се утврдат меродавните геомеханички карактеристики на природното тло, како и оние за материјалите од позајмишта и одлагалишта со услови на нивната примена во патната конструкција (долен и горен строј на патот, објекти и др.).

4. ПРОЕКТИРАЊЕ

Проектната документација за предметниот патен правец треба да опфати изработка на Основен проект за патот, при што треба да се извршат следните активности:

4.1.Нормални напречни профили и конструктивни детаљи

Нормалните напречни профили претставуваат типско решение во стандардни природни и стандардни сообраќајни услови. Со нив се дефинираат интерните односи на применетите елементи и се решаваат типските конструктивни детаљи. Се работат за позиција на патот во усек, засек и насип, во правец и во кривина, на објект. Графичката презентација е во размер 1:50 и детаљите во размера 1:20, 1:10 и 1:5 со следните елементи:

- широчина на одделни елементи на планумот и вкупна широчина на коловозниот профил,
- релативни нивелациони односи на применетите елементи,

- наклони и услови за обликување на косините на трупот,
- граници на ангажирано земјиште (патно земјиште),
- конструктивни решенија на долниот и горниот строј со типски детаљи,
- систем за одводнување и заштита со потребни детаљи,
- вид и положба на елементите на сообраќајно - техничката опрема на патот

Граничните елементи за предметната делница се следните:

– Проектна брзина	V=70 km/h
– Широчина на сообраќајна лента	2x3.00=6.00 m
– Широчина на рабна лента	2x0.30=0.60 m
– Широчина на банкина	2x1.50=3.00 m
– Широчина на ригола	0.50 (0.75) m
– Широчина на берма	1.00 m
– Широчина на канавка на дното	0.50 m
– Широчина на планум во насип:	9.60 m
– Широчина на планум во ископ:	9.60 (9.85) m
– Минимален радиус на хоризонтална кривина	175 m
– Минимална должина на преодна кривина	45 m
– Минимален напречен наклон	2.5%
– Максимален напречен наклон	7.0%
– Максимален надолжен наклон	7%
– Минимален надолжен наклон	0.3%
Техничка група:	B

4.2. Ситуационен план и надолжни профили

За утврдување на положбата на ситуационите и нивелационите елементи на трасата на патот се пристапува кон конечно проектирање и детално проектанско разработување на елементите на проектната геометрија на претходно подготвени топографски подлоги. Во рамките на овие активности се прави проверка на интерното усогласување на проектните параметри во ситуационен план и надолжен профил како и проверка на просторното усогласување на патните проекции. Основниот размер во кој се изработува ситуациониот план е 1:1000 и/или 1:500. Основниот размер за површинските крстосници е 1:1000; 1:500 или 1:250. На овие листови се прикажуваат релевантните податоци за проектната геометрија во сите три проекции (елементарни и детални точки), како и комплетно претставување на патот и објектите во котирана проекција, со детален приказ на одводнувањето на површинските води (во ситуационен план и во надолжен профил). Надолжниот профил се изработува во размер 1:1000/100, 1:500/50 или 1:250/25. Во рамките на проектот за трасата треба да се даде решение за сите површински крстосници, како ситуационо, така и нивелационо.

4.3. Нумеричко дефинирање на елеметарните и деталните точки

На основа на дефинираната проектна геометрија и проверката на просторното усогласување на применетите елементи во ситуационен план и надолжен профил

се пристапува кон нумеричко дефинирање на елементарните (главни) и детални точки во апсолутен координатен систем преку нивните тековни координати (xi,yi,zi). Овие резултати се користат како основа за изработка на проектот за геодетско обележување на трасата на патот со цел на поставување на аналитичка врска меѓу проектираната траса и геодетската основа (оперативниот полигон) во патниот појас.

4.4. Коловозна конструкција

На основа на релевантните параметри: сообраќајното оптоварување, климатските, топографските и геотехничките карактеристики на теренот, расположивите ресурси (природни и вештачки материјали), како и соодветна технологија на изведување на работите, неопходно е да се изработи проект за избор, димензионирање и изведување на коловозната конструкција.

4.5 Карактеристични и критични напречни профили

Потребно е да се проектираат напречни профили на еквидистантно растојание како и профили на критични стационажи со што ќе се добие потполн увид во просторната положба на патот и неговиот однос према сообраќајната и техничката инфраструктура во коридорот на патот и на јазлите и ќе се одреди границата на патниот појас. Податоците за обемот на работите по профили (површина на усек, насип, хумус, хумузирање и сл.) да се даде во нумерички облик, како и релевантни коти и димензии на елементите на планумот. Овој прилог треба да содржи податоци како што се: стационажа, број на профил, линија на терен, граници на слоевите со слични геотехнички особини, коти на нивелета, коти на лев и десен раб, елементи за одводнување и сл. Графичката презентација е во размера 1:100. Еквидистантното растојание меѓу профилите треба да биде најмногу 20м. Секако, доколку од одредени причини се јави потреба, еквидистантното растојание може и да се намали..

4.6. Проект за имплементирање на мерките дефинирани со Елаборатот за заштита на животната средина.

Овој проект опфаќа техничка документација со која се дефинираат инженерските конструкции за заштита на животната средина и социјални аспекти. Предмет на наведената документација се објектите за: заштита од бучава, заштита на водите од загадување, за миграција на животинскиот свет, за ревитализација и уредување на позајмишта и одлагалишта на материјалот и уредување на патниот појас и други објекти наменети за заштита на животната средина и социјалните аспекти. Овој проект се изработува според посебна програма и мора во сите концептуални и конструктивни детали да биде усогласен со проектот за трасата.

4.7. Обем на земјени работи и оптимизација на транспортот и вградување на земјениот материјал

Врз основа на дефинираниот ситуационен и нивелационен ток на трасата и резултатите од геотехничките истражувања се пристапува кон детална оптимизација на земјените работи (распоред, транспорт, технологија на градење).

4.8. Предмер и пресметка

Се изработува детален Предмер и пресметка на работите се со цел да се добијат вкупните градежни работи и потребните инвестициски средства: градежни работи; останати работи –мостови и др објекти, девијации, приклучоци, спрецификни работи и др.; пратечки трошоци и вкупни трошоци по км. Потребно е да се изработи предмер и описот на позициите во предмерот треба да се базира и да биде усогласен со описот на позиции од Техничките услови за изведување на работите кои ги користи Јавното претпријатие за државни патишта. Доставениот предмер и предмер пресметка да биде изработен по стандардниот предмер на ЈПДП и да се достави хартија и во електронска форма (Excel) на Македонски и Англиски јазик.

4.9. Технички услови за изведување на работите

Составен дел на техничката документација на проектот е и детален опис на изведување на работите по секоја позиција со дефинирани услови, технологија на изведување и стандардни испитувања на квалитетот на изведните работи и поодделните компоненти. Би требало да се опфатат само оние специфични работи кои не се опфатени со стандардните технички услови. За останатите работи само ќе се наведат соодветните членови од стандардните технички услови.

4.10. Проект за експропријација

Согласно законската и техничката регулатива од областа на геодезијата, потребно е да се изработи проект за експропријација за предметниот пат и пратечките објекти (Прилог бр. 1).

5. СОДРЖИНА НА ОСНОВНИОТ ПРОЕКТ ЗА ТРАСАТА И ЗА ПОВРШИНСКИТЕ КРСТОСНИЦИ

5.1 Проектна програма

5.2 Општа документација за проектот

Техничката документација мора да ја содржи следната општа документација:

- податоци за називот и адреса на инвеститорот на изградба на објектот
- извод од судска, односно друг соодветен регистар за претпријатието, односно друго правно лице кое ќе го изработи проектот,
- решение за исполнетоста на условите на техничката документација (лиценца),
- овластување за проектирање за лицата кои учествувале во изработка на проектот,
- решение за одредување на главен проектант и решение за одредување на одговорен проектант на поодделните делови на проектот

5.3 Текстуална документација

Текстуалната документација содржи: технички извештај, предмер со пресметка на работите и технички услови за изведување на работите и согласности.

5.3.1 Техничкиот извештај треба да содржи:

- општи податоци за проектот
- основи за проектирање
- извод од урбанистички проект
- осврт на Елаборатот за геотехнички истражувања
- функционални и технички карактеристики на проектираната траса
  - гранични елементи во план и профил
  - нормални напречни профили
  - ситуационен план и надолжни профили
  - крстосници - површински
- усвоени конструктивни решенија
  - земјени работи (позајмишта, одлагалишта)
  - коловозна конструкција – нова
  - одводнување на патниот појас
- контроли и согласности
- регулирање на сообраќајот во тек на градење (доколку има потреба)
- заклучок
- нумерички податоци за проектираниот пат
  - координати на елементарните (главни) и детални точки на трасата
  - коти на елементарните (главни) и детални точки на трасата
  - координати и коти на точките на геодетските основи во патниот појас

5.3.2 Предмерот и пресметката на работите се изработува по главни позиции и тоа особено за:

Градење:

- претходни работи
- подготвителни работи
- земјени работи (долен строј)
- коловозна конструкција (горен строј)
- одводнување
- инженерски конструкции (подпатници, надпатници, вијадукти, мостови, потпорни ѕидови, заштита на косини и сл.)
- сигнализација и сообраќајно-техничка опрема

Останати работи:

- приклучоци и/или вкрстувања
- објекти – пропусти
- реконструкција на техничката инфраструктура во зоната на патот
- мерки за заштита на животна средина и социјални аспекти
- специфични работи

5.3.3 Технички услови за изведување на работите

Составен дел на техничката документација е и детален опис на изведување на работите по секоја позиција со дефинирани услови, технологија на изведување и стандардни испитувања на квалитетот на изведените работи. Описот на позициите треба да биде усогласен со описот на позициите од Техничките услови со кои работи Јавното претпријатие за државни патишта.

5.4 Графичка документација

- насловен лист на проектот
  - прегледна карта со општи податоци за проектот во размер 1:25.000, 1:10.000, 1:5:000
- ситуационен план на постојната состојба во размер 1:1000, 1:500
- нормални напречни профили со стандардни детали во размер 1:100, 1:50, 1:20, 1:10, 1:5
- нестандардни конструктивни детали во размер 1:250, 1:100, 1:20, 1:10, 1:5
- ситуационен план на проектираната траса во размер 1:1.000, 1:500, 1:250
- надолжни профили во размер1:1.000/100, 1:500/50
- карактеристични критични напречни профили во размер 1:100, со конструктивни детали во размер 1:100, 1:50, 1:20, 1:10, 1:5
- ситуационен план со котирана проекција и одводнување во иста размера како основниот ситуационен план
- нивелационен план со детално прикажување на одводнување во размера 1:1000, 1:500

Површински крстосници:

- ситуационен план во размера 1:500, 1:250
- надолжен профил на главниот и на споредниот правец во размера 1:500/50, 1:250/25
- надолжни профили на десните рабни линии во соодветна размера
- нивелационен план на површинските крстосница во размера 1:500, 1:250, Е (на терен) = 50см, Е (на коловоз) =10 (5) (2)см
- типски нормални напречни пресеци и детали во соодветни размери
- карактеристични напречни профили по потреба во размера 1:100 (1:50)

6.ЈАЗИК НА ПРОЕКТНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Целокупната документација треба да биде изготвена двојазично (на македонски и на англиски јазик)

7. ОФОРМУВАЊЕ НА ПРОЕКТНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Проектната документација во финална верзија да се оформи во А4 формат.

8. ЦЕНА НА ПРОЕКТОТ

Во понудената цена за изработка на Проектот треба да се опфатат сите трошоци за изработка на истиот, истражување и набавка на карти - ситуации (предвидени со Проектната програма и Тендерската документација), како и потребен број на изводи и барања на потребните согласности, преводи и др. До Инвеститорот се предава 6 копии изработени на Македонски и Англиски јазик како Основен проект за сите фази на техничката документација и пропратните елаборати. Истата документација се предава и во 2 примероци во електронска форма на ЦД која може понатаму да се обработува. Проектната документација треба да ги содржи сите прилози, елаборати и проекти. Проектантот потребно е да достави и електронска верзија (PDW и DWG) за сите проекти на ниво на Основен проект, електронски потпишана од проектантот и ревидентот согласно Правилникот за начинот на спроведување на постапката за добивање на одобрение за градење на електронски начин.

Во состав на оваа техничка документација треба да се изработат и проектите:

1. **Проекти за Геодетски работи** (според упатства во прилог бр. 1)

2. **Елаборат за геотехнички испитувања** (според упатства во прилог бр.2)

3. **Основен Проект за димензионирање на коловозна конструкција** (според упатства во прилог бр.3)

4. **Основен Проект за денивелиран патен јазол Требош** (според упатства во прилог бр.4)

5. **Основен Проект за хоризонтална и вертикална сигнализација и опрема на патот.** (според упатства во прилог бр. 5)

6. **Основен Проект за одводнување на површински, прибрежни и подземни води** (според упатства во прилог бр.6)

7. **Основни Проекти за девијации на постојни локални и други патишта** (според упатства во прилог бр.7)

8. **Основни Проекти за инженерски конструкции - потпорни и заштитни конструкции, пропусти** (според упатства во прилог бр.8)

9. **Проекти за патни објекти-мостови, потпатници, натпатници** (според упатства во прилог бр.9)

10. **Проект за електрично осветлување** (според упатства во прилог бр.10)

11. **Документи и елаборати за заштита на животна средина** (според упатства во прилог бр.11)

Изготвиле:

Вон. проф. д-р Слободан Огњеновиќ

Вон. проф. д-р Златко Зафировски

Проф. д-р Златко Србиноски, дипл.геод.инж.

Проф. д-р Милорад Јовановски, дипл.геот.инж.

Проф. д-р Јосиф Јосифовски, дипл.град.инж.

Проф. д-р Петко Пеливаноски, дипл.град.инж.

Вон. проф. д-р Гоце Тасески, дипл.град.инж.

Проф. д-р Горан Марковски, дипл.град.инж.

Проф. д-р Тодорка Самарциоска, дипл.град.инж.

Д-р Драган Видановски, дипл.ел.инж.

Проф. д-р Владимир Арсовски, дипл. инж. арх.

Александра Ѓошева, дипл. град. инж.

Саша Живадиновиќ, дипл. град. инж.

м-р Јоже Јовановски, дипл.инж. за заштита на животна средина

Бошко Петровски, дипл. елек. инж.

м-р Зоран Сламков, дипл. град. инж.

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
ПОМОШНИК ДИРЕКТОР ЗА
ИНВЕСТИЦИИИ

Arsim Qoku

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE
Скопје - Shkup

П Р О Е К Т Е Н Д Е Л

D E S I G N P A R T

Т Е К С Т У А Л Е Н Д Е Л

T E X T P A R T

ТЕХНИЧКИ ИЗВЕШТАЈ

TECHNICAL REPORT

ТЕХНИЧКИ ИЗВЕШТАЈ

ИЗГРАДБА НА НОВА ТРАСА НА ОБИКОЛНИЦА НА ТЕТОВО ПРЕКУ КЛУЧКА ТРЕБОШ ДО НЕПРОШТЕНО

1. Општ дел

Согласно проектната програма добиена од страна на Инвеститорот ЈП за државни патишта, потребно е да се изработи проектна документација за изградба на нова траса на обиколница на Тетово преку клучка Требош до Непроштено.

Трасата на обиколницата Тетово е повлечена врз постојниот асфалтен пат до км 2+750,00, а од тука трасата се води врз постоечки земјен пат до поврзување со постојниот регионален пат Р1203.

По должината на трасата предвидено е поврзување со крстосници на постоечките локални патишта со обиколницата.

2. Цел и предмет на проектот

Предмет на оваа проектна документација согласно проектната програма е да се изработи техничка документација на ниво на Основен проект за реконструкција за обиколница на Тетово и поврзување со регионалниот пат Р1203 со цел да се задоволат проектните геометриски елементи за проектна брзина Vp = 70 км/час.

Слика бр. 1 *“Обиколница Тетово” поврзување со Регионален пат Р1203*

Цел на Основниот проект е допрецизирање на проектни услови и параметри и проектни основи со цел за поточно дефинирање на потребните инвестициони средства за реализација.

Предмет на овој Основен проект, е утврдување на најповолната микролокација, техничко,економско, сообраќајно и просторно еколошко решение на трасата на патот, а во согласност со конкретните подлоги дефинирани посебно за проектот.

Проектот е поделен на две фази:

- Првата фаза се состои од нова траса на обиколницата, на која се поврзуваат приклучните постојни патишта. На стационажа км 3+540,00 формирана е површинска крстосница за врска со Ратае и Џепчиште, додека на км 4+233,00 проектиран е надвозник над постојната пруга, трасата завршува со новопредвиден кружен тек на кој ќе биде поврзан постојниот регионален пат Р1203.
- Втората фаза ја опфаќа клучка Требош која се состои од два кружни тека поврзани преку надпатник над постоечкиот Автопат А2. Врската на новата траса од обиколницата со останатите патишта е преку кружен тек кој со два посебни краци ќе биде поврзан со постојниот Автопат А2 Скопје – Тетово, додека преку новопроектиран надпатник ќе биде поврзана со постојниот Автопат А2 Тетово – Скопје и со постојниот алтернативен пат Р402. Од кружниот тек проектирана е врска за идно поврзување со ТИРЗ Тетово.

При изработка на проектната документација почитувани се заклучоците и насоките од проектната програма, како и барањата на Инвеститорот и препораките од Ревидент.

3. Теренска состојба на патот

Постојната состојба на предметната делница која е цел на реконструкција со оваа проектна документација е асфалтна конструкција до половина од трасата, а останатиот дел е земјан пат.

Постоечкиот асфалтен пат е со ширина од околу 5,5 метри, додека земјаниот пат е со променлива ширина која се движи од 2,5-3,75 метри.

Според експлоатационите критериуми, режимот и видот на сообраќајот, местоположбата на трасата (поминува низ земјоделско земјиште) предметната делница се третира како регионален пат за мешовит сообраќај.

Со теренските проспекции на теренот како и изработените геодетски подлоги, за постојниот пат констатирано е дека од геометриски и возно динамички аспект трасата релативно е со хомоген карактер без изолирани кривински елементи и доволна прегледност која што поволно влијае од аспект на безбедност на сообраќајот.

Имајќи го во предвид рамничарскиот предел во кој се наоѓа трасата нивелетското решение на постојната траса има благ тек без чести прекршувања, благи наклони и доволна вертикална прегледност.

Добиените резултати од лабораториските испитувањата се во граници на очекуваните. Може да се даде генерална констатација дека испитуваните вградени материјали од долниот строј на патот имаат солидни физичко механички и деформабилни карактеристики, додека матичните материјали од подтлото имаат релативно слаби вредности на параметрите посебно за CBR и не ги задоволуваат критериумите за подтло при што е потребно да се направи подобрување на матичното подтло.

Целта на проектот е да се добие оптимално решение и поволни технички и техничко – експлоатациони карактеристики на предметната делница со што во иднина би се овозможил побезбеден, економичен и тековен сообраќај (генерално од аспект на поголема пропустна моќ), а во согласност со урбанистичките услови и просторни ограничувања, како и расположливите инвестициски средства за реализација на проектот.

4. Основи за проектирање

4.1 Регулатива (закони, прописи и стандарди)

Како основи за проектирање користени се сите подлоги од кои се добиваат потребни информации за микролокацијата и актуелниот простор, потребни влезни сообраќајни параметри, геотехнички услови и снабдување со материјали.

При изработка на Основниот проект користени се:

- Проектна програма за изработка на Основен проект добиена од Инвеститорот,
- Топографски и геодетски подлоги,
- Геодетски елаборат – геодетско снимање на теренот;
- Елаборат од геотехнички истражувања;
- Климатски и хидролошки карактеристики на подрачјето;
- Детално рекогносцирање на трасата и изготвување на основните подлоги – ситуации на теренот на патот,
- Консултации со Инвеститор, Ревидент и Надлежни институции,
- Важечка законска и техничка регулатива,

При проектирањето освен погоренаведените подлоги и документации, во предвид се земени и барањата добиени од страна на Инвеститорот.

Како подлоги, користени се и постојните топографски карти, вршено е рекогносцирање на теренот со проучување на постојната состојба и теренските фактори. Извршено е наменско геодетско снимање по предвидената траса (со тотални станици и електронски нивелир), а потоа се изработени и дигитални подлоги за предметната локација.

При изработка на Основниот проект за предметната делница почитувани се следниве закони и прописи:

- Закон за градење (Сл. весник на РМ, бр. 130 од 28.10.2009 година и сите измени и дополнувања на законот);
- Закон за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, бр. 199/14 и сите измени и дополнувања на законот);
- Закон за јавните патишта (Сл. весник на РМ, бр. 84/08 и сите измени и дополнувања на законот);
- Закон за безбедност во сообраќајот и патиштата (Сл. Весник на РМ, бр. 169/15 и сите измени и дополнувања);
- Правилник за техничките елементи за изградба и реконструкција на јавните патишта и на објектите на патот (Сл. весник на РМ, бр. 110 од 03.09.2009 година и измени и дополнувања на правилникот Сл. весник бр. 163/09, 26/10 и 163/10), и
- "Технички услови за изградба на магистралните и регионалните патни правци во Р. Македонија" – издадена од страна на ЈП за Државни патишта (како услови добиени од Инвеститорот).

5. Проектни услови и конструктивни елементи

Од извршениот теренски увид – рекогносцирање на трасата констатирано е дека постои асфалтен пат кој го поврзува с.Непроштено со алтернативниот пат, при што е искористена оваа постоечка траса и предметниот пат е проектиран врз постојниот асфалтен пат до стационажа км 2+750,00 додека од оваа стационажа па до крај поминува врз постојниот земјан пат до поврзување со регионалниот пат Р1203, при тоа водејќи сметка за граничните големини на конструктивните елементи, возно-динамичките, геометриско конструктивните градежни, економски и други услови.

Почетокот на трасата е поврзана со постојниот алтернативен пат и постојниот автопат Скопје – Тетово преку краци кои излегуваат од кружен тек. Крајот на трасата преку кружен тек се поврзува со постојниот регионален пат Р1203.

Според функционалноста и намената која ја извршува патот служи за:

- локално и регионално поврзување на патната мрежа (населените места во регионот);
- дотур на стоки и материјали;

– со реконструцијата на овој пат ќе се подобри патната инфраструктура во регионот.

Попречниот профил на предметниот регионален пат е проектиран според проектната програма, за проектна брзина V=70 km/h, и истиот ги има следниве елементи:

- Ширина на сообраќајна лента.....2x3.00=6.00m
- Ширина на рабна лента…….....……2x0,30=0.60m
- Ширина на банкина.....2x1.50=3.00m
- Ширина на планум.....=9.60m
- Попречен наклон.....min 2.50%
- Надолжен наклон.....min 0.30%
- Попречен наклон за одводнување на постелка.....min 4.00%

Се останато во поглед на проектирањето е изработено во согласност со важечките технички прописи и законската регулатива за ваков вид патишта и конкретните услови и ограничувања.

6. Хоризонтално решение

Хоризонталното решение на "обиколницата" е проектирано во најголем дел да може да го прати постојниот асфалтен пат, при тоа водејќи сметка за граничните големини на конструктивните елементи, возно-динамичките, геометриско-конструктивните, градежни, економски и други услови.

Пред отпочнување на проектантските работи извршено е детално геодетско теренско снимање на трасата и врз база на снимените податоци изработена е ситуација во размер М=1:1000 на фактичката теренска состојба, каде се евидентирани сите постоечки објекти, постојниот асфалтен пат, постојни канали за одводнување, пропусти, бандери и сл.

При проектирањето на патот, водено е сметка да бидат задоволени следните барања: проектни параметри, функционалност, економичност, безбедност и др.

Согласно тоа, при поставување на оската на патот, извршено е проширување на патот со цел да се одговори на барањата во Проектната програма и рангот и значењето на патот во однос на патната мрежа во државата.

Почетокот на трасата на "обиколницата" започнува на стационажа км0+100,00 каде се поврзува со новопроектиран кружен тек кој со посебни краци е поврзан со постојниот алтернативен пат и Автопатот А2 Скопје - Тетово. Трасата на "обиколницата" во најголем дел го следи постојниот асфалтен пат до стационажа км2+750,00, освен на одредени делови каде за да се избегне рушење на постојни објекти напуштено е следењето на постојниот асфалтен пат. На останатиот дел трасата се води врз постоен земјан пат. На км 4+231,77 трасата се

вкрстува со постојна пруга преку новопланиран подвозник. Крајот на трасата завршува со вкрстување со постојниот регионален пат Р1203 каде врската е обезбедена со проектирање на нов кружен тек.

Ова решение е конструирано со правци, преодни кривини и кружни кривини кои се однесуваат на оската на патот согласно проектните услови и со респектирање на актуелните теренски услови и можности.

Вкупната должина на оската од трасата изнесува 5336,84м.

Граничните вредности на геометриските карактеристики на трасата во хоризонталното решение се следниве:

- минимален хоризонтален радиус $\mathbf{R_{min}}$ **= 255.00m,**
- максимален хоризонтален радиус $\mathbf{R_{max}}$ **= 1200.00m.**

Поврзувањето на правците со хоризонталните кривини кореспондира со геодетската снимка од теренот и претходно изработеното сообраќајно решение и Инфраструктурниот проект, а е во согласност со возно-динамичките, конструктивните и визуелно-естетските барања притоа имајќи ги во предвид ограничувањата по должина на трасата (приватните објекти) и барањата на Инвеститорот.

Крајот на трасата завршува со кружен тек кој е проектиран со внатрешен радиус R=16,0м и надворешен радиус е R=22,0м. Проектиран е тротоар со ширина од 2,40 метри, додека од внатрешната страна на кружниот тек е предвидено заштитен појас од 2 метри изведен од бехатон и орабен со рабници, а средишната површина од кружниот тек предвидена е да биде со зеленило. Во насока на движење од Џепчиште кон Непроштено пред кружниот тек отворена е посебна лента за десно вртење со радиус од R=18,00 м која се приклучува на обиколницата.

Хоризонталното решение за трасата е презентирано на ситуација во размер од М=1:1000, додека хоризонталното решение за кружниот тек и за крстосниците е во размер М=1:500.

По должината на трасата со површински крстосници се споени локалните патишта за кои изработено е нивелационо решение во размер М=1:250 со истиот размер е прикажано нивелационо решение и за кружниот тек, додека изработено е нивелационо решение за цела траса со размер М=1:500.

7. Вертикално решение

При вертикалното поставување на нивелетата водено е сметка, почетокот на нивелетата на предметната делница висински да се вклопи со нивелетата од кружниот тек.

Нивелетата е водена по новопредвидената оска на трасата.

Генерално целата траса е проектирана во насип, водејќи сметка за можноста од поставување на пропусти по должината на трасата.

Во геометриски смисол, нивелетата е составена од угорнини и надолнини на трасата и конкавни и конвексни кривини. Правците на нивелетата се дефинирани со нивните наклони, додека вертикалните кривини се определени со радиус на закривеност. Граничните вредности на проектираните елементи се одредени според возно динамичките, експлоатационите и конструктивните критериуми, додека применетите големини се одбрани според правилникот за проектирање и теренските услови и во согласност со проектната програма.

Како хоризонталното така и вертикалното решение е условено од конкретните теренски услови.

Нивелетата е со следниве геометриски карактеристики:

- минимален надолжен наклон **imin = 0,35 %**
- максимален надолжен наклон **imax = 3,85 %**

Сите конвексни и конкавни преломи на нивелетата се заоблени со вертикални радиуси.

Поради рамничарскиот терен во кој се наоѓа трасата како и објектите по должина на трасата предвидени се генерално минимални елементи при дефинирањето на нивелетата на предметната делница.

Витоперењето на коловозот е извршено околу осовината со едностран наклон.

За изработка на вертикалното решение на "обиколницата" изработени се надолжни профили во размер М=1:1000/100 додека за кружниот тек и за пристапните патишта изработени се надолжни профили во размер М=1:500/50 каде се дадени сите детали кои се предмет на надолжните профили.

8. Нормални напречни профили и детали

Во нормалните попречни профили прикажани се ширините на коловозот, коловозната конструкција, ширината на банкините, дефинирани се дебелината на вградување на новите асфалтни слоеви како и дебелината на тампонот, висинските коти на оската и рабовите и попречните наклони. На тој начин обезбедени се доволно податоци за да се реализира овој проект и сите елементи на трасата со што се обезбедени доволно информации потребни за изведба на трасата.

Нормалните попречни профили се изработени во размер М 1:50, а деталите во размер М 1:25; М 1:10.

9. Карактеристични критични напречни профили

Со цел да се добие целосен увид на просторната положба на патот со теренот, како и да се добијат реални пресметковни показатели и податоци за

изведување на работите проектирани се нормални попречни профили во размер М=1:100. Изработени се карактеристични попречни профили на 20м и на сите карактеристични места. Во согласност со изработеното хоризонтално и вертикално решение на патот изработени се карактеристични попречни профили со конкретен габарит на патот.

Попречниот профил на "обиколницата" е во согласност со проектната задача со следните елементи:

Обиколница Тетово – Траса од км 0+100,00 – км 5+030,00:

- Ширина на коловоз 2*3.00 = 6.00 м
- Ширина на рабни ленти 2*0.30 = 0.60 м
- Ширина на банкини 2*1,50 = 3.00 м
- Планум = 9.60 м

Бидејќи во с.Непроштено е донесен урбанистички план каде се дефинирани димензиите на попречниот профил, а дел од трасата поминува низ Непроштено, на тој дел е превземен попречниот профил согласно урбанистичкиот план.

Обиколница Тетово – Траса од км 5+030,00 – км 5+313,04:

- Ширина на коловоз 2*3.00 = 6.00 м
- Ширина на рабни ленти 2*0.30 = 0.60 м
- Ширина на тротоари 2*2,40 = 4.80 м
- Ширина на берми 2*0,50 = 1.00 м
- Планум = 12.40 м

Попречните профили се изработени со едностран наклон од 2.50%.
Попречниот наклон на тампонот изнесува мин 4.00%.

Обиколница Тетово - кружен тек:

- Ширина на коловоз 6.00м
- Ширина на тротоар 2.40м
- Заштитен појас помеѓу зеленило и коловоз 2.00м
- Планум 10.40м

Попречните профили се изработени со едностран наклон од 2.50%.
Попречниот наклон на тампонот изнесува мин 4.00%.

Обиколница Тетово - приклучни патишта:

- Ширина на коловоз 5.00м
- Ширина на банкини 2*1.00 = 2.00м
- Планум = 7.00 м

Попречните профили се изработени со едностран наклон од 2.50%.
Попречниот наклон на тампонот изнесува мин 4.00%.

По должина на трасата од двете страни предвидени се паралелни патишта со ширина од 3.0м изработени од тампонски материјал кои ќе служат за движење на земјоделската механизација, односно ќе спречат движење на истите по обиколницата. Приклучувањето на земјоделската механизација на обиколницата ќе биде на проектираните крстосници.

Согласно изработениот геомеханички елаборат усвоени се соодветни наклони на косините за насипите од n=1:1.5 додека на делот кај надвозникот односно од стационажа км 3+885,00 до стационажа км 4+440,00 поради високи насипи применет е наклон n=1:2, исто така на овој дел се предвидени и бетонски рабници.

За канализирање на атмосферската вода од коловозот се предвидени канали по должина од трасата.

Карактеристичните попречни профили изработени се во размер М 1:100.

10. Заклучоци од геомеханички истражувања и испитувања

По однос на геотехничките истражувања, истите се реализирани согласно проектната програма, со што се добиени податоци и параметри за предметната делница, а кои се искористени при разработката на техничките решенија и како подлога за димензионирање на коловозната конструкција.

Детални податоци се прикажани во книга 3.1 "геотехнички елаборат од теренски истражувања и лабораториски испитувања за траса"

11. Коловозна конструкција

Коловозната конструкција е усогласена согласно барањата во проектната програма, податоците од геотехничките истраги и добиените резултати од теренските и лабораториските испитувања. При димензионирањето на коловозната конструкција, освен горенаведените МКС стандарди за димензионирање, применети се и меѓународни стандарди МКС ЕН 14023, EN 12591, МКС У.М3.020, МКС У.М3.022, МКС ЕН 13108, притоа согласно Техничките услови потребно е да се направи пробна делница со која се потврдува квалитетот на вградените материјали со методологија и технологија на изведување на работите. Димензионирањето на коловозната конструкција е извршено согласно ПГДС и препораките на Инвеститорот за нова коловозна конструкција, за проектен период од 20 години, притоа запазувајќи ги минимално пропишаните димензии и дебелини на асфалтните слоеви (обработено во посебен дел од Основниот проект за димензионирање на коловозна конструкција), каде се предвидува следната коловозна контрукција:

Коловозна конструкција за траса, за кружен тек и за приклучни патишта:

- Асфалт бетон..... АБ 16с d=6.0 см
- Битуменизиран носив слој ..... БНС 32сА d=8.0 см
- Тампонски слој од дробен камен..... д=30.0 см

За тротоари:

- Бехатон:..... д = 6.0 см
- Слој песок.....д= 3.0-5.0 см
- Тампонски слој од дробен камен материјал:.....д = 30.0 см

За паралелен тампонски пат:

- Тампонски слој од дробен камен..... д=30.0 см

12. Одводнување

Одводнувањето на површинските води е решено преку надолжниот и попречниот наклон на коловозот каде преку банкините, атмосферската вода истекува надвор од коловозот. За прифаќање на атмосферската вода од коловозот применети се бетонски канали кои ја одведуваат водата надвор од трупот на патот. Бетонските канали се прикажани во соодветен размер во графичките прилози. Дел од овие канали се испуштаат по терен, а дел од каналите прифатената вода ја спроведуваат во предвидените цевасти и плочести пропусти од каде водата се испушта по терен или во постоечки канали. Од км 5+040,00 до крај на трасата заедно со кружниот тек површинската вода ќе се зафаќа преку новопредвидени сливници.

13. Технички мерки за заштита на животната средина

Заштитата и унапредувањето на животната средина е темелна вредност на Уставот на РМ (Член 8) и е регулирана со Законот за животна средина (Сл. весник на Р.М. број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12 и 93/13) и подзаконските акти кои се однесуваат на предметната проблематика (Уредба за изменување на Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина (Сл.Весник на РМ 74/05, 109/09 и 164/12).

Проектните решенија, покрај другите фактори суштествени при дефинирање на проектите произлегуваат и од факторот - заштита и унапредување на животната средина. Превентивната заштита на животната средина претставува еден од елементите на развој и појдовна основа за глобално управување со животната средина, засновано врз принципите на одржлив развој. Заштитата на животната

средина ќе биде почитувана согласно националното законодавство и меѓународните стандарди и при спроведувањето на овој проект.

На заштитата и унапредувањето на квалитетот и состојбата на медиумите на животната средина: почвата, водата, воздухот, на областите на животната средина, на биолошката разновидност и другите природни богатства, како и на заштитата на озонската обвивка и заштитата од негативното влијание на човекот врз климатскиот систем покрај одредбите на закон за животна средина се применуваат и одредбите на законите за одделни медиуми и области на животната средина.

Заштитата на медиумите и одделните области на животната средина се постигнува преку превземање на мерки и активности кои се однесуваат на заштитата од штетни влијанија утврдени со законот за заштита на животната средина и посебните закони од:

- вршењето различни дејности;
- загадувачките супстанци и технологии;
- отпадот;
- бучавата и вибрациите;
- јонизирачкото и нејонизирачкото зрачење;

Заштитата и унапредувањето на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и др.) со кои се обезбедува поддршка и создавање услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина (заштита од осиромашување на озонската обвивка, спречување на штетната бучава и вибрации; заштита од јонизирачко и од нејонизирачко зрачење, заштита од непријатна миризба и користење на депонирање на отпадоците и друг вид на заштита на животната средина).

Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно природните и создадените вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина.

Загадување на животната средина е емисија во воздухот, водата или почвата, коа што може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија од која што може да произлезе штета за имотот и која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите пропишани начини на користење на животната средина.

За реализација на системот за заштита на животната средина потребно е да се почитува следното:

- зачување на амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот;
- изградба на современа инфраструктура;
- селектирано и организирано депонирање на отпадот со контролиран транспортен систем во депонијата;
- заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура од градба на објекти и друга инфраструктура;
- при превземањето активности или при вршењето дејности да се обезбеди висок степен на заштита на животната средина и на животот и здравјето на луѓето кои претстојуваат тука;
- загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе трошоците за санација и да плати правичен надомест за штетата причинета врз животната средина, како и да ја доведе животната средина, во најголема можна мерка, во состојба како пред оштетувањето.

14. Сообраќајна техничка опрема

Со цел за безбедно одвивање на сообраќајот во текот на експлоатациониот период на патот изработен е сообраќаен проект за оваа делницата кој представува составен дел од оваа проектна документација и е изготвен во посебна книга.

15. Одржување и управување

По завршувањето на изведбата на работите околу изградбата на патот, Изведувачот е должен да изработи **Проект на изведена состојба**, како и **Проект за одржување и употреба**, во кои се нотираат изведените состојби и потребните барања, односно дека треба тековно да се врши детална визуелна проспекција на патот и коловозната конструкција. Сите недостатоци да се нотираат и да се постапи во согласност со појавата на оштетувања.

Исто така, потребен е и периодичен преглед на системот за одводнување со проверка на неговата функционалност, а комплетно чистење на објектите за одводнување се препорачува минимум еднаш годишно во пролетниот период.

Во рамките на редовното одржување треба да се превземат сите стандардни мерки како што се: обнова на хоризонталната и вертикалната сигнализација по потреба, крпење ударни дупки, заливање на пукнатини, зимско одржување и сл.

16. Приказ на технологија на изработка и квалитет на материјалите кои ќе се применат при изработката на патот

Генерално, изградбата на "обиколница Тетово" ќе се одвива согласно постоечката законска регулатива и легислатива во државата за ваков вид работи, односно тендерските услови, како и пропишаните технички услови**.** Од страна на Инвеститорот постои изработена техничка документација **Општи технички услови за изградба на државните патишта во Р.С. Македонија**, по која се изведуваат работите. Во продолжение ќе биде даден методолошкиот пристап за изработување на патот.

Изработувањето на патот започнува со изработка на долниот строј, односно геодетски работи, расчистување на трасата, па потоа ископ и насип, а потоа се изработува горниот строј (коловозната конструкција). Ископот на терен до подтлото се врши до потребните коти (длабочина) согласно нивелетското решение. Пред поставување на првите слоеви потребно е да се изврши разастирање и набивање на подтлото, па потоа се започнува со поставување на слоевите. При изведување насип со висина до 3 метри да се користи дробен камен материјал со CBR>20% и големина на зрно до 60mm, додека при изведување на насип со висина над 3 метри да се користи покрупен камен со големина на зрно од min 200mm.

Потоа се врши вградување и набивање согласно техничките услови на тампонот со d=30cm кој треба да се набива се додека не се постигне модул на стисливост со кружна плоча Ms > 100 MPa и збиеност > од 100 %. Во склоп на нивелетското и ситуационото решение потребно е запазување на минималните наклони (попречни и надолжни на слоевите заради одводнување).

Над тампонот се асфалтира најпрвин битуменизираниот носив слој БНС 32сА со d=8 cm, а потоа доаѓа асфалт бетон АБ 16с со d=6 cm. Треба да се напомене, дека пред започнување со асфалтирање на овие слоеви (над тампонот), потребно е да се врши прскање со разредена битуменска емулзија (прскање со разреден битумен РБ 5/10 (10/15) или катјонска стабилна битуменска емулзија КС - 40), како и помеѓу асфалтните слоеви (прскање со катјонска нестабилна битуменска емулзија КН - 60) согласно пропишаните стандарди и услови за ваков вид работи. На деловите каде има прекин на асфалтирање односно каде што се прават попречни и подолжни споеви, потребно е пред да се продолжи со асфалтирање да се изврши сечење на асфалтот. По сечењето и обеспрашувањето на асфалтните слоеви, на спојот се нанесува разреден битумен РБ 200. Технологијата на изведба на работите од страна на Изведувачот во кој и колкав временски период ќе ги извршува овие фази кои се дефинираат во **Програмата за работа** која ја одобрува Надзорниот орган).

